OSCE
HCNM

# Препораки за полициското работење во мултиетнички општества

Февруари 2006

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Висок Комесаријат за национални малцинства**

# Препораки за полициското работење во мултиетнички општества

Февруари  2006

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Висок Комесаријат за национални малцинства**

Издадено и дистрибуирано од Високиот Комесар за национални малцинства (ВКНМ) на ОБСЕ.

Ве молиме слободно користете ги информациите од оваа брошура; однапред сме благодарни за цитирањето на оригиналот.

ISBN-10: 90-7598909-1

ISBN-13: 978-90-75989-09-0

© ОБСЕ Висок Комесар за национални малцинства

Изданија на други јазици достапни во печатена или електронска форма на
http://www.osce.org/hcnm/

Англиски Руски Албански Грузиски Српски Турски Украински Узбекистански

За подетални информации обратете се на следната адреса:

OSCE High Commissioner on National Minorities
Prinsessegracht 22
2514 AP The Hague
Tel: +31 (0)70 312 5500
Fax: +31 (0)70 636 5910
E-mail: hcnm@hcnm.org
Website: www.osce.org/hcnm/

# ВОВЕД

Со Хелсиншките Одлуки од јули 1992 Организацијата за безбедност и соработка во Европа ја постави позицијата Висок Комесар за национални малцинства (ВКНМ) како “инструмент за превенција на конфликти во најраниот можен стадиум.”Овој мандат беше создаден како непосредна реакција на ситуацијата во поранешна Југославија, поради стравувањата од нејзиното евентуално повторување на други места во Европа, особено во земјите во транзиција кон демократија, со што би се нарушиле ветувањата за мир и просперитет предвидени во Парискатa Повелба за Нова Европа усвоена од претседателите на држави и влади во ноември 1990г.

Во текот на периодот од повеќе од десет години интензивна активност, ВКНМ издвои одредени прашања и теми во врска со малцинствата кои постојано се повторуваа и го привлекуваа неговото внимание во некои од земјите што ги опфаќа неговата активност. Тука спаѓаат прашањата за образование на малцинствата и употребата на јазиците на малцинствата, кои се од особена важност за одржувањето и развивањето на идентитетот на лицата припадници на националните малцинства. Од другите важни прашања се издвојуваат активното учество на националните малцинства во управувањето со државата и употребата на јазикот на малцинствата како средство за комуникација во медиумите. Со цел да постигне соодветна и кохерентна примена на релевантните малцински права во ОБСЕ, ВКНМ побара од четири групи на меѓународно признати независни експерти да елаборираат четири групи од насоки по овие прашања: *Хашките Препораки за правата на образование на националните малцинства* (1996); *Препораките од Осло во врска со јазичните права на националните малцинства* (1998); *Лундските Препораки за ефективно учество на националните малцинства во јавниот живот* (1999) како и *Насоките за употреба на јазиците на Малцинствата во електронските медиуми* (2003). Овие документи подоцна послужија како референтен материјал за законодавните и управните тела во голем број од земјите. Препораките се достапни (на повеќе јазици) бесплатно од Канцеларијата на ВКНМ и можат да се најдат по електронски пат: (www.osce.org/hcnm).

Друго прашање што произлезе во неколку ситуации каде што беше вклучен ВКНМ е полициското работење во мултиетнички општества. Во неколку држави, ВКНМ затекна отсуство на институционални механизми за поддршка на интерактивната соработка помеѓу полицијата и  припадниците на националните малцинства. Во комбинација со недостиг од соодветна обука за дејствување во мултиетничко општество, најчесто хомоген етнички состав на полициските сили, како и дискриминаторните дејства,

полицијата предизвикува негативни реакции во заедниците на националните малцинства во поголем број ситуации, а некогаш дури се смета за катализатор на конфликти. Спротивно на ова, во некои други земји, ВКНМ наиде на примери како вложените напори во однос на креирање на полициски сили со голема застапеност на заедницата на која ѝ служат и подобрувањето на комуникацијата помеѓу полицијата и  заедниците на националните малцинства не само што ги зајакнуваат меѓуетничките односи туку исто така ја зголемуваат оперативната ефективност на полицијата.

Имајќи ја предвид оваа значајна улога на полицијата, ВКНМ се вклучи во процес на анализа на меѓународните стандарди и пракса во областа на полициското работење. Во оваа насока, ВКНМ, во консултација со Единицата за стратешки полициски прашања во Секретаријатот на ОБСЕ, назначи консултант, во улога на советник (Д-р Робин Оукли, независен консултант и почесен член во Центарот за студии за етнички малцинства, Ројал Холовеј- Универзитетот од Лондон) и состави група врвни искусни експерти вклучувајќи  претставници од релевантни меѓународни организации и  високи полициски претставници како и невладини претставници со посебна стручност од посочената област. ВКНМ ја свика првата средба на експертите во јуни 2005 за потоа да следи средба во октомври и завршна средба во декември. Како резултат на процесот беа елаборирани следните препораки за полициското работење во мултиетнички општества.

Независни експерти беа:

> Г-дин Стив Бенет, Директор, Полициско образование и развој, Мисија на ОБСЕ на Косово; г-ѓа Илзе Брандс Керис, Директор, Летонски центар за човекови права и етнички студии; Д-р Анастасија Крикли, заседавач, Европски центар следење на расизмот и ксенофобијата; Г-дин Франсес Жијен, шеф на кабинет на заменикот министер за внатрешни работи, Влада на Каталонија, Шпанија; Професор Кристин Хенрард, Катедра за меѓународно и уставно право при Универзитетот во Грониген; Д-р Гордан Калајџиев, член на Извршниот Одбор, Македонски Хелсиншки комитет за човекови права; Д-р Јено  Калтенбах, Парламентарен Комесар на Унгарија за Правата на националните и етничките малцинства; Г-дин Мајкл Келет, Претставник на Мрежата на Координатори на полицијата и човековите права во Советот на Европа, одговорен за Северозападниот регионален тим за пронаоѓање и враќање на средствата, Обединетото Кралство; Д-р Робин Оукли, Независен консултант; Г-дин Стиг Одорф, Полициска единица, Генерален Секретаријат на Европската Унија, Совет на Европската Унија; Г-дин Тимоти Парсонс, Експерт за криминални дејства предизвикани од омраза, ОБСЕ, ОДИХР, програма за толеранција и недискриминација; Г-дин Карл Петерсон, одговорен за полициски

прашања, единица за стратешки полициски прашања Секретаријат на ОБСЕ; Г-дин Иван Шушкевич, Полициски полковник (во пензија), заменик на генералниот директор, Клуб на високите воени офицери на Руската федерација; Г-дин Крис Тејлор, независен консултант; Г-дин Ринус Висер, Полициска Академија на Холандија.

Целта на Препораките како што се Препораките од Хаг, од Осло и Лунд како и насоките за медиумите пред нив, е да го охрабри и олесни усвојувањето на посебните мерки од страна на државите, со кои се олеснуваат тензиите во врска со националните малцинства и со тоа се постигнува крајната цел на ВКНМ за превенција на конфликти. Препораките се формулирани во однос на организирање на полициското работење кај “националните малцинства” во “мултиетнички општества”. Според мислењето на експертите, терминот “национални малцинства” опфаќа широк спектар од малцински групи, вклучувајќи ги тука религиозните, јазичните и културните малцинства, како и етничките. Во принцип, Препораките се релевантни за сите овие групи. Исто така треба да се нагласи дека зборот “малцинства” во некои делови од Препораките се користи како скратен израз за фразата “припадници на националните малцинства”, поради полесно изразување.

Препораките имаат за цел да обезбедат практични совети за државите во развивањето на регулативите и законите согласно меѓународните норми и стандарди, врз база на меѓународните практични искуства кои ги ставаат во рамнотежа и ги задоволуваат потребите на сите делови на населението, вклучувајќи ги и потребите на припадниците на националните малцинства. Се подразбира дека Препораките треба да се применуваат на начин што одговара на ситуацијата во секоја засебна држава—имајќи предвид фактори како што се процесот на тековни реформи во полицијата и актуелната ситуација на теренот.

Препораките се поделени во шест поднаслови со кои се групирани дваесет и три посебни препораки и тоа како: општи принципи; регрутирање и застапеност; обука и професионална поддршка; работа со етничките заедници; оперативни дејства; и превенција и управување со конфликти. Сите насоки треба да се толкуваат во согласност со Општите принципи во Првиот дел со кои се истакнува потребата државите да развијат регулативи и закони во оваа област и во таа смисла да ги обезбедат потребните насоки. Од Вториот до Четвртиот дел се предлагаат одредени мерки и дејства за владите, полициските сили и заедниците на националните малцинства. Подетално објаснување за секоја препорака или насока има во придружната Белешка за

појаснување во која се содржат сите референци кон релевантните меѓународни стандарди, како и разработени примери за правилно работење.

Централната порака на Препораките е дека доброто организирање на полициското работење во мултиетничките општества зависи од воспоставувањето на меѓусебна доверба, зајакната со редовна комуникација и практична соработка помеѓу полицијата и малцинствата. Сите страни имаат корист од ваквиот однос. Малцинствата имаат корист од полициското работење кое ги има предвид нивните прашања и одговара на нивните потреби за лична заштита и пристап до правдата. Полицијата има корист од поголемата ефективност, бидејќи добрата комуникација и соработка се клучни фактори за доброто полициско работење во секоја заедница. Државата има корист како од интеграцијата на малцинствата, така и од поефективното работење на полицијата. За оние држави што сакаат да ги интегрираат малцинствата и истовремено да развијат професионално полициско работење ориентирано кон служба на заедницата, овие Препораки претставуваат практичен чекор напред.

Се надеваме дека овие Препораки ќе бидат широко распространети и прифатени.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО МУЛТИЕТНИЧКИ ОПШТЕСТВА

## I. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

1. Државите треба да се водат според начела со кои јасно се истакнува важноста на полициското работење во меѓуетничките односи. Овие начела треба да претставуваат дел од пошироката регулатива и програма за промоција на интеграцијата на малцинствата на национално и локално ниво. Исто така, тие треба да бидат во координација со пошироките дејства за промоција на професионализмот во полициското работење и нејзина ориентација кон служба на граѓаните, како и да се обезбеди реализација на полициското работење согласно меѓународните стандарди за човекови права, вклучувајќи ги и правата на припадниците на малцинствата.

2. Државите треба да обезбедат услови преку кои полицијата и пошироката јавност, вклучувајќи ги тука и малцинствата, ќе ја разбере улогата на полицијата во промовирањето на добри меѓуетнички односи. Исто така, треба да обезбедат услови за опремување и обучување на полицијата за извршување на ваквата улога. Политичките и полициските авторитети треба јавно да ја изразат својата поддршка и да промовираат општо разбирање и поддршка во јавноста.

3. Властите и полицијата во тесна соработка со претставници на националните малцинства треба да изготват акциски планови за примена на овие начела и да обезбедат редовен надзор над нивната примена.

## II. РЕГРУТИРАЊЕ И ЗАСТАПЕНОСТ

4. Составот на полицијата—на локално, регионално и национално ниво, од повисоките до најниските чинови, како и во цивилниот кадар—треба да ја одразува разновидноста на населението. Сликата на полицијата како тело со разновидна етничка застапеност треба активно да се промовира во јавноста.

5. Треба да се поставаат статистички цели за зголемување на етничката застапеност во полицијата и да се воведе надзор над етничкиот состав на полицијата со цел да се измери постигнатиот напредок.

6. Треба да се воведат иницијативни мерки за зголемување на регрутирање на помалку застапените малцинства. Тука се подразбираат специјални мерки за охрабрување на кандидатите, како и помош  во постигнувањето на потребните стандарди, вклучувајќи и дејства насочени кон отстранување каква било директна или индиректна дискриминациска бариера.

7. Исто така треба да се воведат мерки со кои ќе се обезбеди полициските службеници од малцинско потекло да бидат прифатени и да добијат еднаков третман во рамките на полициската организација, неутрална работна средина и еднакви можности за напредување во кариерата.

## III. ОБУКА И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

8. Полицијата треба да биде обучувана и да добива друг вид професионална поддршка потребна за разбирање и адекватна реакција на сензибилитетот на малцинствата, со што тие ќе можат да ја извршуваат својата работа на ефективен начин преку кој се промовира хармонијата и се намалуваат тензиите.

9. Се препорачува обуката во врска со малцинските прашања и меѓуетничките односи да биде вклучена како во почетната, така и во тековната обука и да биде застапена како кај повисоките, така и кај помладите полициски службеници. Претставниците на малцинствата треба да бидат вклучени и во планирањето и во извршувањето на обуката.

10. Полицискиот  правилник на однесување треба да ги вклучува и професионалните стандарди за работата на полицијата во мултиетнички општества, а програмите за полициска обука  треба да вклучуваат посебно создадени компоненти за постигнување на тие стандарди. Прекршувањето на тие стандарди треба да биде санкционирано со поправни мерки, а примерното однесување треба да добие јавно и професионално признание.

11. Се препорачува полициските раководители и надзорни органи да бидат јасно упатени во нивната одговорност во водењето на својот персонал кон постигнување на овие стандарди во работата со малцинствата и да дадат добар водечки пример преку својата работа.

## IV. РАБОТА СО ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

12. Полицијата треба да има задача да развива начини и практика за комуницирање и соработка со малцинствата, и да ја јакне взаемната доверба на локално, регионално и национално ниво.

13. Полицијата треба да обезбеди способност за комуникација со малцинствата на малцинските јазици, каде што постои можност, со регрутирање и обука на повекејазичен кадар, како и со помош на квалификувани преведувачи.

14. Полицијата треба да игра проактивна улога во охрабрувањето и поддршката кај малцинствата за помош во комуникацијата и соработката со полицијата, на пример како партнери во иницијативи за промовирање на регрутирањето и обезбедувањето обука во врска со малцинските прашања. Од нивна страна, малцинствата треба да бидат подготвени да комуницираат и соработуваат со полицијата со цел зголемување на безбедноста во заедницата и олеснет пристап кон правдата.

15. Се препорачува воспоставување на механизми со кои ќе се обезбеди демократска одговорност на полицијата за своите постапки кон луѓето од сите слоеви на општеството. Тука се подразбира воспоставување ефективни системи за поднесување и проверка на жалби, лесно достапни за припадниците на национални малцинства. Сите слоеви на заедницата треба да бидат свесни за своите права и обврски во однос на полицијата, како и за овластувањата на полицијата и услугите што таа ги обезбедува.

## V. ОПЕРАТИВНИ ДЕЈСТВА

16. Треба да се преземат мерки со кои ќе се обезбеди полицијата непристрасно и недискриминирачки да го спроведува законот на начин што нема да издвојува ниту една конкретна група, на пример преку ‘етничко профилирање[*]’, Овие мерки треба да вклучуваат и правилник за однесување во оперативните дејства, како на пример, употреба на полициска сила за запирање и претресување на луѓе на улица и други јавни места.

[*] Етничкото профилирање (познато и како *расно профилирање*) се однесува на користењето на етнички или расни карактеристики при предвидувањето на веројатноста некое лице да изврши одредено кривично дело

17. Полицијата треба да ги охрабрува припадниците на националните малцинства да пријавуваат криминални дејства со што ќе се промовира безбедноста во заедницата и пристапот до правдата.

18. Кога вршат редовни патроли во мултиетнички области, каде што е тоа можно, полицијата треба да обезбеди етнички мешани тимови со цел зајакнување на довербата кај јавноста и зголемување на нивната оперативна ефективност. Исто така, полицијата треба да обезбеди адекватен сооднос на нивната тактика и изглед (пример: бројност, видливост на оружјето, избор на униформата) со задачата којашто ја извршуваат без да предизвикуваат непотребен страв и тензија кај населението.

19. Полицијата треба да обезбеди строга и ефективна примена на законот за антидискриминација. Полицијата треба да преземе особени мерки за охрабрување на пријавувањето на криминални дејства мотивирани од етничка омраза и да обезбеди целосна документација и истрага во тие случаи.

20. Државите треба да обезбедат ефективност и еднаков пристап кон механизмите за советување и поддршка на жртвите на криминалот и за припадниците на националните малцинства.

## VI. ПРЕВЕНЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ

21. Полицијата треба да биде едуцирана и обучена за својата проактивна улога во развојот на односите со малцинствата со цел да се посочат, и по можност да се намалат, тензиите кои можат да доведат до меѓуетнички конфликти.

22. Исто така, полицијата треба да биде обучена и опремена за справување со граѓански нереди и инциденти на меѓуетнички конфликт на високо професионално ниво, со цел стивнување на конфликтите и нивно евентуално разрешување по пат на медијација, и со минимална употреба на сила.

23. Особено на локално ниво, полицијата треба да остварува тесна соработка со другите јавни служби со цел на постигнување поширока координација на нивните дејства за превенција и справување со меѓуетнички конфликт и промоција на интеграцијата на малцинствата и изградба на успешно мултиетничко општество.

# БЕЛЕШКА ЗА ПОЈАСНУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ЗА ПОЛИЦИСКОТ РАБОТЕЊЕ ВО МУЛТИЕТНИЧКИ ОПШТЕСТВА

## I. ОПШТИ ПРИНИЦИПИ

1. *Државите треба да се водат според начела со кои јасно се истакнува важноста на полицискoто работење во меѓуетничките односи. Овие начела треба да претставуваат дел од поширoката регулатива и програма за промоција на интеграцијата на малцинствата на национално и локално ниво. Исто така тие треба да бидат во координација со пошироките дејства за промоција на професионализмот во полицискoто работење и нејзина ориентација кон служба на граѓаните,* како *и да се обезбеди реализација на полицискoто работење согласно меѓународните стандарди за човекови права, вклучувајќи ги и правата на припадниците на малцинствата.*

Во едно мултиетничко општество добрите меѓуетнички односи и интеграцијата на припадниците на националните малцинства зависат од перцепцијата на сите етнички групи дека активностите на државата се легитимни и ефективни.[1] Особено е клучна улогата на полицијата како највидлива агенција за спроведување на законот во "првите редови": полицијата е главниот чувар на портите на правдата за малцинствата. Припадниците на малцинствата кои ја перцепираат полицијата како непристрасна при спроведувањето на законот и која обезбедува пристап до правдата и безбедост во заедницата, веројатно ќе имаат почит кон државата; а доколку полицијата и другите одговорни органи не успеат да воспостават легитимитет во очите на малцинствата, доаѓа до појава на разочарување, страв и клима поволна за разгорување на екстремизмот.

Прифаќањето на легитимноста и ефективноста на полицијата, без оглед дали станува збор за национално, регионално или локално ниво, зависи од воспоставувањето на односи на доверба, засновани врз добра комуникација и практична соработка помеѓу полицијата и малцинствата. Воспоставувањето на тие односи не само што ќе ги

[1] Препораките се формулирани во однос на организирање на полицискoто работење кај "националните малцинства" во "мултиетнички општества". Според мислењето на експертите, терминот "национални малцинства" опфаќа широк спектар од малцински групи, вклучувајќи ги тука религиозните, јазичните и културните малцинства, како и етничките. Во принцип, Препораките се релевантни за сите овие групи. Исто така треба да се нагласи дека зборот "малцинства" во некои делови од Препораките се користи како скратен израз за фразата "припадници на националните малцинства", поради полесно изразување.

подобри меѓуетничките односи, туку ќе придонесе и кон ефикасноста на полициското работење. Намерата на Препораките што следат е да им помогне на државите во остварувањето на тие односи.

Владите треба да покажат пример со поставување на "јасна" визија за улогата на полицијата во градењето и одржувањето на успешно демократско мултиетничко општество. Потребни се широки консултации со цел стекнување на мултипартиски и мултиетнички консензус за нивната политика во однос на полициското работење и малцинствата; во спротивно тоа може да се покаже како фактор за поделба во општеството или мета за политичко ривалство. Начелата и мерките потребни за нивна примена треба да се изразат во јасни формални "политички изјави", кои ќе бидат јавно поддржани од политичките лидери и ќе стапат во сила преку законодавни и други видови средства.

Политиката на полициското работење треба да биде дел од пошироката национална стратегија за промоција на интеграцијата и градење на мултиетничко општество. Тука треба да спаѓаат мерки за охрабрување на учеството од страна на припадниците на малцинствата во политичкиот и економскиот живот на државата, како и мерки во области како што се образованието, јазикот, политичка застапеност, медиумите и справувањето со сиромаштијата и чувството на изолација. Напредокот во пошироките аспекти на интеграцијата ќе го олесни воведувањето на мерките што се потребни за мултиетничко полициското работење.

Политиката на мултиетничкиот аспект на полициското работење треба да биде интегрален— но истовремено и јасно определен и зацртан—дел од програмите за развој на полицијата. Добрата комуникација и соработка заснована на доверба е клучен фактор за ефективно полициско работење во мнозинските како и во малцинските заедници. Пристапот ориентиран кон репресија или контрола при што основните човекови и малцински права се игнорираат или нарушуваат, не може да биде основа за развивање добри односи меѓу полицијата и малцинствата.

Затоа демократизацијата и професионализацијата на полицијата се суштествени предуслови кои ѝ овозможуваат на полицијата да ја одигра својата улога во градењето на успешно демократско мултиетничко општество, како и за воведувањето на пристапот на ориентираност кон службата и почитување на човековите права во

полициското работење придружено од “полициското работење во заедницата” на локално ниво.[2]

2. *Државите треба да обезбедат услови преку кои полицијата и пошироката јавност, вклучувајќи ги тука и малцинствата, ќе ја разбере улогата на полицијата во промовирањето на добри меѓуетнички односи. Исто така, треба да обезбедат услови за опремување и обучување на полицијата за извршување на ваквата улога. Политичките и полициските авторитети треба јавно да ја изразат својата поддршка и да промовираат општо разбирање и поддршка во јавноста.*

Примената на начелата создадени за зајакнување на способноста на полицијата за промовирање на добри меѓуетнички односи не е само техничка интервенција, туку претставува промена во полициската култура. Потребно е разбирање и посветеност од страна на креаторите на политиката, како и од полицијата на сите нивоа во организацијата. Може да се случи веќе воспоставената култура во рамките на организацијата да не биде добронамерна кон овие прашања: дури може да се појави и непријателски однос и општ отпор кон промени. Исто така, полицијата може да се смета (свесно или несвесно) како застапник на доминантната етничка група и како заштитник на нивните интереси, и како таква да ги смета овие начела за непожелна закана. Важно е да се нагласи дека експлоатирачкиот третман на одредени етнички групи, како на пример, изнудување мито од чувствителни етнички групи е форма на полициска корупција која не само што е спротивна на меѓународните закони и човековите права, туку исто така сериозно ја нарушува способноста на полицијата за промовирање на добри меѓуетнички односи.

[2] За детали за релевантни интернационални норм ии стандарди за полициско работење и човекови права види Кодекс на однесување за припадниците на органите за спроведување на законот на Обединетите Нации (1979) *United Nations Code of Conduct for Law Enforcement Officials* достапна на: http://www.uncjin.org/Standards/Conduct/ conduct.хтмлкако и Европскиот Кодекс на полициска етика на Советот на Европа(2001), достапно на: http://www.coe.int/ T/E/Legal_Affairs/ Legal_co-operation/Police_and_internal_security/Documents/_Intro_Documents.asp #P234_5187. Овие документи воспоставуваат јасни меѓународни стандарди за професионално полициско работење кои се во согласност со меѓународните човекови права. Овие стандарди треба да послужат како основа за сите начела и пракса на полициското работење што се однесува на малцинствата и на меѓуетничките односи, а раководните полициски органи треба да будно да го следат спроведувањето на овие стандарди во секое време. Ротердамската Повелба за полициско работење во мултиетничко општество (1996) The Rotterdam Charter *Policing for a Multi-Ethnic Society* (1996) достапна на http://www.rotterdamcharter.nl/ е правно необврзувачки документ кој беше заеднички создаден од странапомеѓу претставници на полицијата, општинските власти и НВО од сите делови на Европа, исто така дава општи насоки засновани на практично искуство. Начелата за полициското работење во однос на малцинствата треба да ги имаат предвид и општите права зацртани во Европската Конвенција за човекови права и Рамковната Конвенција на Советот на Европа за заштита на националните малцинства.(1994) *European Convention on Human Rights* and in the *Council of Europe Framework Convention for the Protection of National Minorities* (1994), достапно на http://www.coe.int/T/E/ human_rights/minorities/.

Затоа е многу важно политичките лидери да обезбедат целосно разбирање кај високите полициски органи за значењето на нивната улога во промовирањето на добри меѓуетнички односи, како и целосна посветеност на примена на процесот. Нивната улога не подразбира само промоција на добри етнички односи на надворешен план, туку и внатре, во самата полициска организација, вклучувајќи го тука и спречувањето на дискриминација по етничка или друга сродна основа (или доколку истата се случи, таа да биде соодветно санкционирана). Полициските лидери од своја страна треба да обезбедат разбирање за оваа улога кај целиот персонал--во сите региони, сите сектори и сите подгрупи во хиерархијата, како и за нејзините импликации за секојдневната работа. Затоа од нив се потребни јасни изјави за поддршка на оваа улога на сите нивоа, со нагласок на обуката. Дејствата со кои се поткопува оваа улога, кои се во корист на одредена етничка група, или со кои се експлоатира, дискриминира или се изразува непријателство кон малцинствата не смеат да бидат толерирани. Креаторите на политиката и раководните полициски органи треба заедно да работат кон воспоставување на култура во полициската организација во која е добредојдена и почитувана етничката разновидност, на внатрешен и надворешен план, и во која полицијата се гледа како позитивен пример за создавање на успешно мултиетничко општество (види Препорака 7).

3. *Властите и полицијата во тесна соработка со претставници на националните малцинства треба да изготват акциски планови за примена на овие начела и да обезбедат редовен надзор над нивната примена.*

Важно е да се знае дали начелата и мерките се ефективни и дали навистина даваат резултати. Малцинствата особено ќе се интересираат за евентуалниот напредок. Затоа е важно информациите да бидат точни и достапни. Акциските планови и надзорот можат да помогнат за надминување на сите предизвици. Акциските планови за примена на овие начела треба:

- Да опфаќаат интегрален пристап, со вклучување на сите области опфатени во Препораките;
- Да се базираат на анализа на одделни проблеми и потреби во односите меѓу полицијата и малцинствата: за таа цел потребно е да се изготви независно истражување;
- Да ги посочат и упатат одговорните лица (во владата и во полициската организација) за примена на начела за полициското работење и малцинствата

- Да воспостават посебни работни места или единици каде што е потребно за извршување или координирање на потребните работни задачи;
- Да содржат одредба за потребните финансиски и други средства;
- Да одредуваат континуирана консултација и соработка со полицијата ( на пример, преку професионални здруженија) и со малцинствата (на пример, преку НВО) во сите фази;
- Да содржат воспоставување на локални пилот проекти што ќе послужат како корисен почеток.

Исто така е важен редовниот надзор над примената на начелата за полицискoто работење и малцинствата. Одговорните лица во владата и полицијата треба рутински да го извршуваат надзорот како дел од нивните административни задачи, и треба да поденсуваат извештаи кои ќе бидат достапни за јавноста. Меѓутоа, за да се зголеми довербата на јавноста и да се обезбеди демократска одговорност, ваквиот надзор треба да го извршува и независно тело. Оваа улога може да ја имаат парламентарните институции за човекови права (на пример парламентарни комисии или народниот правобранител) или други тела што вршат надзор во јавноста. Овие тела треба да го имаат правото да поставуваат прашања и да одржуваат отворени сослушувања како и да поднесуваат извештаи достапни за јавноста. Без разлика кој метод ќе се користи во надзорот над примената на овие начела, многу е важно малцинствата и полицијата да бидат ефективно консултирани а нивните сознанија и искуства да бидат евидентирани и земени предвид при изготвувањето на извештаите и препораките. За полицијата овој независен надзор треба да биде добредојден, а не предмет на отпор, со тоа што ќе увиди колку е корисен за една отворена и напредна организација. Евентуалните грешки и неправилности не треба да се кријат, туку треба да се проучуваат како пример на научени позитивни лекции за во иднина. Развојот и примената на овие начела не е задача што треба да се преземе набрзина, туку треба постепено да се разработи во еден подолг временски период.[3]

## II. РЕГРУТИРАЊЕ И ЗАСТАПЕНОСТ

4. *Составот на полицијата--на локално, регионално и национално ниво, од повисоките до најниските чинови, како и во цивилниот кадар--треба да ја*

[3] За дополнителни информации и совети за примена на програмите за полициски реформи види Програма за полиција и човекови права на Советот на Европа, особено публикацијата Полицискoто работење во демократско општество- дали вашата полиција е поборник за човековите права? *Council of Europe's Police and Human Rights Programme*, *Policing in a Democratic Society – Is Your Police Service a Human Rights Champion?* Достапна на http://www.coe.int/t/e/human_rights/police/2._publications/

*одразува разновидноста на населението. Сликата на полицијата како тело со разновидна етничка застапеност треба активно да се промовира во јавноста.*

Рамноправната застапеност на малцинствата во полициската организација е важна од неколку причини:

а) Како показател дека сите етнички групи имаат еднакви можности како индивидуи да стапат во служба и да напредуваат во кариерата во полицијата;

б) Како начин на промовирање на интеграцијата на малцинствата со нивно учество во јавниот живот во државата и нејзините институции;[4]

в) Како начин на обезбедување на полициската организација во внатрешни рамки со знаење и вештини (вклучувајќи и познавање на јазици) кои се потребни за работа во етнички разновидна средина;

г) Како средство за помош на полицијата во воспоставувањето надворешни односи со малцинските заедници засновани на ефективна комуникација, соработка и взаемна доверба.

Поради овие причини, зголемувањето на разновидната застапеност во полицијата треба да се разгледува како главен приоритет. Ова е препорачано во Мислењата на Советодавната комисија на Советот на Европа во Рамковната конвенција за национални малцинства.[5] Затоа полицијата не само што треба да го промовира активно својот јавен лик како тело со етничка застапеност, туку исто така да ги објави сите чекори што ќе ги преземе за тоа да стане реалност. (на пример, со методите изложени во Препораката бр. 12). Полицијата треба да се погрижи овие напори да ги опфатат и помалите и маргинализираните малцинства заедно со поголемите и подобро интегрирани групи. Исто така треба да обезбеди справедлив третман и почит за малцинствата во сите полициски активности, за малцинствата да можат да ја перцепираат полициската организација како пожелно место за вработување.

Важно е мултиетничкиот карактер на полицијата да биде присутен и видлив во сите региони. Ова е важно во хомегено етнички како и во мултиетнички области, особено во регионите каде што малцинствата го сочинуваат главниот дел од населението. Исто

---

[4] Види ОБСЕ ВКНМ Лундски Препораки за ефикасно учество на националните малцинства во јавниот живот "белешка за појаснување (1999), *OSCE HCNM Lund Recommendations on the Effective Participation of National Minorities in Public Life & Explanatory Note* (1999) достапна на повеќе јазици на : http://www.osce.org/hcnm/documents.html

[5] Достапно на: http://www.coe.int/T/E/human_rights/minorities/

така е важно присуството на малцинствата на повисоки позиции во хиерархијата, а не само во пониските. Не само што со ова се покажува дека високите функции се достапни за сите, воедно и се внесува перспективата на малцинствата директно во креирањето на политиката на највисоките извршни нивоа и укажува на фактот дека во нивното работење полицијата е вистинска мултиетничка организација. Онаму каде што полицијата не е во можност во краток рок да постави припадници на малцинствата директно на повисоки функции, назначувањето на релевантни стручни припадници на малцинствата како специјални советници претставува алтернативен метод за внесување на перспективата на малцинствата во управувањето со полициското работење.

5. *Треба да се постават статистички цели за зголемување на етничката застапеност во полицијата и да се воведе надзор над етничкиот состав на полицијата со цел да се измери постигнатиот напредок.*

Кон обезбедувањето на етнички состав на полицијата кој ќе биде одраз на застапеноста на населението треба да се пристапи стратешки. Треба да се посочи потребниот етнички состав како цел, и да се постават привремени цели кои реално можат да се остварат во зададен временски период.

Треба да се направи јасна разлика помеѓу "цели" и "квоти". Поставувањето на цел се однесува на зголемувањето на застапеноста на одредени групи кое може да се постигне на повеќе начини. Во Препорака 6 се изнесени примери за методите со кои се обезбедуваат еднакви можности за лицата при изборот. Употребата на зададени цели за обезбедување застапеност на населението претставува добра практика. Квотите се однесуваат на доделување на одреден број места за припадници на одредени групи кои треба да пополнат во текот на процесот на сеекција. Употребата на квотите како средство за постигнување на целите во регрутирањето на малцинствата често пати предизвикува незадоволство заради неправедливост и претставува ризик за намалување на стандардите, заради што треба да се избегнува доколку е возможно.

Меѓутоа, употребата на квоти може да се смета за адекватна и оправдана во посебни околности. Онаму каде што, на пример, како дел од програмата за реформи во полицијата во една мултиетничка држава се вработува целосно или делумно нов кадар, може да се покаже како клучен фактор за легитимитетот и ефективноста ако тој кадар од самиот почеток ја одразува застапеноста на целокупното население. Во тие околности може да биде оправдано воведувањето и пополнувањето на етнички квоти,

особено во почетните фази на избор и обука, со тоа што сепак соодветните минимални професионални стандарди треба да ги задоволуваат припадниците на сите групи во фазата во која стануваат полицајци. Меѓутоа, употребата на квоти треба да се применува само за еден транзициски период по  кој целите треба да се постигнуваат по друг пат.

Треба редовно да се прибираат податоци со цел да се провери дали овие цели се постигнати. Владите треба да утврдат кои тела се одговорни за секоја од овие задачи и да им додели соодветни задолженија. Овој "етнички надзор" треба да биде поврзан и интегриран со општиот надзор над полицијата со цел обезбедување на усогласеност со меѓународните закони и општите закони за вработување во државата.

Прибирањето етнички податоци е чувствително и контроверзно прашање и законите за заштита на податоците го спречуваат прибирањето вакви податоци во некои држави. Меѓутоа, државите не треба да го одбегнуваат ова прашање и овие податоци треба да се прибираат и обработуваат имајќи ги предвид Европските стандарди за заштита на личните податоци и правото на лична идентификација (правото на секое лице да одбере дали да биде третирано како припадник на малцинство или не). Етничките податоци треба да бидат претворени во анонимни, статистички податоци и да се избегне секаква можност од евентуално откривање на личните бази на податоци. Доколку се следат овие упатства, не би требало да дојде до прекршување на правата. Но, без овие податоци, државата не би била во можност да врши надзор за тоа дали мерките за подобрување на етничката застапеност во полицијата го имаат саканиот ефект.

6. *Треба да се воведат иницијативни мерки за зголемување на регрутирање на помалку застапените малцинства. Тука се подразбираат специјални мерки за охрабрување на кандидатите, како и помош  во постигнувањето на потребните стандарди, вклучувајќи и дејства насочени кон отстранување каква било директна или индиректна дискриминациска бариера.*

Недоволната застапеност на малцинствата во полицијата може да се должи на повеќе причини. Тука спаѓаат непознавање на можностите, недостиг од образовни квалификации, минати искуства на злоупотреба од страна на полицијата во такви заедници, како и директна или индиректна дискриминација во процесот на регрутирање. Доколку треба да се зголеми регрутирањето кај малцинствата, мора

прво да се анализираат вистинските причини за намалената застапеност во секоја одделна држава, а потоа да се преземат посебни мерки за решавање на проблемите.

Следниве мерки се веројатно најадекватни:

а) Иницијативи за поголемо информирање на малцинските заедници за можности за вработување во полицијата, создавање на позитивен имиџ на полицијата и одлучно охрабрување на заинтересираните кандидати. Овие иницијативи треба да содржат и делење на летоци, користење на радио и телевизија (вклучувајќи ги и рекламите), посети на полицијата во училиштата и местата како што се културните и религиозните центри, овозможување на посета на полициските станици и школи за обука за младите, како и заеднички иницијативи со авторитетите во заедницата и со етничките здруженија/ НВО. Насочени кампањи за регрутирање, со делумно или целосно користење на овие методи може да се применат кај одредени помалку застапени групи.

б) Мерки наменети за решавање на недостигот од образовни квалификации кај потенцијалните кандидати кои ги исполнуваат сите други услови и се добро мотивирани. Тука спаѓаат интензивни курсеви за кандидатите за достигнување на потребните услови за прием.

в) Дејства насочени кон издвојување и справување со можните причини за дискриминација на кандидатите од малцинствата во процесот на регрутација и избор. Тука спаѓаат обука за праведно регрутирање и избор за одгворните лица; разгледување на процедурите (нпр. значењето дадено на интервјуата) за евентуални предрасуди или непотребно онеправдување на кандидатите од малцинствата; прегледување на критериумите за избор за да се утврди нивната оправданост како и непотребните пречки со кои индиректно би се онеправдале припадниците на малцинствата.

При воведувањето на вакви иницијативи, многу е важно да не се намалуваат стандардите за кандидатите од малцинствата при приемот во полицијата. Припадниците на етнички мнозинства (и медиумите) некогаш донесуваат брзи заклучоци дека стандардите се намалени и дека тие самите се сега ставени во дискриминирачка позиција, додека малцинствата имаат посебен третман. Полициските авторитети треба да заземат јасен став дека ова не се случува. Всушност, најзагрижени во врска со намалувањето на стандардите веројатно ќе бидат

полицајците--припадници на малцинствата: тие не би сакале да бидат третирани како “полицајци од втора класа”.

7. *Исто така треба да се воведат мерки со кои ќе се обезбеди полициските службеници од малцинско потекло да бидат прифатени и да добијат еднаков третман во рамките на полициската организација, неутрална работна средина и еднакви можности за напредување во кариерата.*

При промовирањето на етничката застапеност во полицијата, не е доволно фокусирањето на регрутацијата. Искуството покажува дека доколку припадниците на малцинствата чувствуваат нееднаков третман и недотиг од почитување во рамките на организацијата и ги немаат истите можности за наредување во нивната кариера, тие ја напуштаат полицијата. Оваа тенденција е особено присутна во почетните фази од регрутирањето на припадници на малцинствата кога бројот е мал и полицајците од малцинствата можат да се почувствуваат лично изолирани од другите припадници на нивната заедница. Жените полицајци од етничко потекло можат да се соочат со слични притисоци, имајќи предвид дека тие се “двојно малцинство”, во смисла на родова и етничка припадност.

Заради ова важно е да се обезбеди неутрална работна средина, т.е. средина во која полицајците од малцинско потекло се потполно прифатени како еднакви и како поединци, и не се предмет на неправди или негативни стереотипи врз база на нивниот етнички идентитет. Меѓутоа, тоа треба да биде средина која е чувствителна на разновидноста на потребите, обичаите и религиите на различни групи (нпр. во однос на облеката, храната, како и религиозни обичаи како молитви и верски празници). Треба да се преземат и позитивни мерки за поддршка и охрабрување на полицајците од малцинско потекло за напредување во кариерата: тие можат да се содржат од посебни програми за развој на кариерата или обезбедување “менторства” за оние со потенцијал за напредување. Истовремено, важно е да бидат на сила ефективни внатрешни механизми за поплаки со што полицајците кои се предмет на дискриминација не мораат да го поднесуваат таквото однесување во тишина. Препоставените треба да ги охрабруват припадниците на малцинствата да поднесуваат жалби кога ќе почувствуваат дека се дискриминирани или се предмет на друга форма на етнички мотивирано однесување, за да можат да имаат увид во проблемите и директно да се справат со истите.

Имајќи ги предвид посебните прашања што ги засегаат, некои полицајци од малцинско потекло мислат дека имаат корист од здружување и формирање на свои професионални здруженија. Одговорните во полицијата во принцип треба да ги поддржуваат ваквите иницијативи, и да бидат подготвени да го олеснат нивното формирање. Формирањето на овие здруженија е човеково право, и тука може да се пружи взаемна поддршка за полицајците припадници на малцинствата, осособено ако се во мал број и во географска изолација. Здруженијата претставуваат средство за комуникација помеѓу одговорните лица и полицајците од малцинско потекло, како и извор за вредни совети за одговорните во врска со малцински прашања. Одговорните треба да обезбедат разбирање за причините за формирањето на овие здруженија кај припадниците на мнозинството, како и разбирање дека овие здруженија ќе помогнат при обезбедувањето на посигурна основа врз која ќе се гради интеграцијата на полицајците од малцинско потекло во организацијата. Меѓутоа, не треба да постои обврска за секој полицаец да се зачлени или да формира вакво здружение, бидејќи постојат лица кои не сакаат да го афирмираат својот малцински идентитет на ваков начин.

Особено треба да се води сметка за поставување и распределба на полицајците од малцинско потекло. Овие полицајци не треба да бидат регрутирани да работат само во нивните заедници: тие треба да станат професионални полицајци кои ќе бидат оспособени за работа во сите сектори во општеството. Сепак, во државите каде што малцинствата се коцентрирани на одредени локалитети или региони, таму најверојатно ќе бидат регрутирани и вработени полицајци од малцинско потекло.Како што е наведено во Препораката 4 погоре, ова е корисно за полицијата во смисла на јакнење на свеста, довербата и комуникацијата во заедницата. Меѓутоа, овие полицајци секогаш првенствено треба да се сметаат за општи полицајци, а дури потоа да се земе предвид нивнотот малцинско потекло како фактор при доделувањето на одредени задачи или како придонес за одредени вештини. Полицајците од малцинско потекло не треба да бидат изложени на притисок да работат во малцинските области или заедници, напротив треба да бидат охрабрени да се стекнат со искуство во мешана средина или во друга заедница. Кога овие полицајци сепак ќе добијат работа во својата заедница, одговорните треба секогаш да се стремат кон нивно распоредување во етнички мешани тимови, каде што е тоа можно.

Претходно наведените видови иницијативи и промени бараат фундаментална промена во кутлурата во полицијата- од моно-културна до мултикултурна организација- како и за другите фундаментални аспекти на полициската реформа, вклучувајќи ги тука и професионализацијата на полицијата и нејзината ориентација како јавен сервис. Треба

внимателно да се управува со процесот на културните промени, за да може што побргу да се почувствуваат придобивките и да се минимизира организацискиот отпор. За оваа цел потребни се водство, посветеност и стручно управување од полициските органи на највисоко ниво.[6]

## III. ОБУКА И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

8. *Полицијата треба да биде обучувана и да добива друг вид професионална поддршка потребна за разбирање и адекватна реакција на сензибилитетот на малцинствата, со што тие ќе можат да ја извршуваат својата работа на ефективен начин преку кој се промовира хармонијата и се намалуваат тензиите.*

Обуката е клучна (но не и единствена) форма, на професионална поддршка потребна во полицијата за ефективно извршување на нивната задача во мултиетнички контекст. Целта на оваа обука е оспособување на полицајците во потребните вештини (нпр. свесност, јазик и други квалификации) потребни за работа во таква средина. Треба да се изврши "анализа на потребите за обуката" за нивно утврдување.

Главните видови на потреби што најчесто се утврдуваат се состојат од: културна и религиозна свест, вештини за посредување и односи со заедницата, јазици, обука за човекови права, вклучувајќи ги тука и правата на припадниците на националните малцинства. Во мултиетничките општества, сите полицајци треба да се стекнат со минимална обука во овие области. Меѓутоа, од околностите на локално ниво зависи до кој степен треба да се одвива јазичната обука, како и прецизната содржина на обуката за културна и религиозна свест.

Искуството покажува дека е многу важно оваа обука да биде практична и поврзана со работното место. Доколку обуката е чисто теоретска, мала е веројатноста од некакво влијание врз однесувањето, дури и ако станува збор за когнитивен образовен процес. Со обуката на полицајците треба да им се укажат релевантните и практичните импликации од новостекнатото знаење и вештини, да им се покаже како сето тоа ќе им помогне во ефективното и професионално остварување на нивните задачи, како и каква корист ќе имаат во секојдневната работа.

[6] Понатамошни упатства за прашањата поврзани со регрутирањето и застапеноста се наоѓаат во брошурата објавена од Платформата за Европско полициско работење и човекови права: Регрутирањето и задржувањето на полицајци од националните малцинства *The Recruitment and Retention of Police Officers from Minority Communities* достапна на: http://www.epphr.dk/downloads.htm.

Пред обуката, внимателно треба да се разгледа прашањето за директно менување на полициското однесување, особено кај поискусните полицајци. Кај повеќето возрасни, личните сфаќања се длабоко вкоренети и било каков обид за нивна промена за време на краток период на обука најчесто ќе биде пречекан со отпор, и ќе има контрапродуктивен ефект, освен ако инструкторите не се висококвалификувани лица. Меѓутоа, многу е важно при обуката да се обрне внимание на темата за предрасуди и стереотипи кај етничките групи како потенцијална пречка за справедлив и професинален третман на малцинствата. Таквата обука треба да им даде можност на полицајците да размислат за нивното однесување и нивните предрасуди за тие да немаат негативно влијание врз нивната работа.

Затоа главниот акцент во обуката не треба само да биде на едноставно давање информации или менување на навиките, туку треба да биде ставен врз помагање на полицијата на практичен начин во извршување на секојдневната работа во мултиетничка срединана начин соодветен на професионалните стандарди и меѓународните човекови права. Затоа обуката треба да се согледа како една посебна и многу важна форма на професионална поддршка и како основа за професионален развој. Другите форми на професионална поддршка се наведени под Препораките 10 и 11.

Имајќи ја предвид потребата од практичност во обуката, многу е важна употребата на соодветни методи. Формалните предавања, сами по себе, најчесто имаат ограничена вредност. Затоа треба да се дополнат со интерактивни методи како што е структурирана дискусија и дебата, вклучувајќи тука размена на мислења и искуства. Најкорисни се практичните вежби и вежбите со доделување улоги во кои се симулираат вистински задачи од полициското работење во мултиетнички општества.

Овој практичен пристап кон обуката бара промена на улогата на инструкторот. Наместо да стане збор за експерт кој предава стручно знаење. Инструкторот треба да биде олеснувач на дебатата и искуственото учење и да поседува вештини и кредибилитет за извршување на оваа задача. Предметниот експерт се уште игра важна улога, но тој станува извор на знаење за малцинствата и меѓуетничките односи. Постоечкото знаење и искуство на посетителите на обуката (особено кога станува збор за искусни полицајци) во однос на малцинствата е исто така многу важна основа за почеток, споделување и вреднување.

9. *Се препорачува обуката во врска со малцинските прашања и меѓуетничките односи да биде вклучена како во почетната така и во тековната обука и да биде застапена како кај повисоките, така и кај помладите полициски службеници. Претставниците на малцинствата треба да бидат вклучени и во планирањето и во извршувањето на обуката.*

Обуката за малцинските прашања и етничките односи треба да биде интегрален дел од почетната обука за полицајците и треба да биде поврзана со теми како што се човековите права, полициското работење во заедницата и пристапот на јавна ориентација. Иако прашањата за малцинските и етничките прашања треба да добијат посебно внимание, тие не треба да бидат одвоени од остатокот на обуката: новите регрути треба да бидат обучени рутински да ги извршуваат сите полициски задачи во рамките на мултиетничка средина. Меѓутоа, искусните полицајци треба да се стекнат со интензивна обука на овие теми како дел од нивната обука во рамките на работата особено онаму каде што овие теми не биле вклучени во претходната обука. За полицијата во првите редови, оваа обука треба да се фокусира на вистински оперативни задачи (патролирање, истрага, апсење, итн.), и треба да бидат претставени како позитивен придонес кон нивниот тековен професионален развој. Цивилниот персонал, особено оние кои го имаат првиот контакт со јавноста, треба исто така да бидат вклучени во тие програми.

Одговорните полициски органи од повисок ранг треба исто така да се стекнат со обука на овие теми, но овде фокусот треба да се разликува од обуката за полицајците кои служат во првите редови (или вршат директен надзор над нив). Додека на полицајците од повисок ранг им треба општо познавање на прашањата на полициското работење во првите редови, нивната обука треба да се фокусира на примена на начелата, поставување на стандарди и управување со организациските и културните промени, заедно со командната одговорност што се однесува на справувањето со етнички тензии и конфликти во пошироката заедница.

Многу е важен придонесот од малцинските заедници кон полициската обука во однос на прашањата поврзани со малцинствата и меѓуетничките односи. Полицајците треба да научат непосредно од малцинствата сé за релевантните културни и религиозни обичаи и за перцепцијата на малцинствата за полицајците. Обуката исто така ја дава можноста за лична интеракција со припадниците на малцинствата, како и за заеднички дискусии, вежби и менување на улогите (при што можат да ‘влезат во туѓа кожа’). Успешното учество на малцинствата во полициската обука исто така гради мостови и го зголемува разбирањето и довербата на малцинствата за полицијата. Припадниците

на малцинствата не треба само да бидат поканети да посетуваат специјални обучувачки сесии, туку тие треба да бидат вклучени во сите фази, вклучувајќи го тука планирањето и вреднувањето на овие сесии, како и почетниот процес на посочување на потребите за обуката. Полицијата треба да биде во редовно партнерство со широк спектар на малцински здруженија за тие да можат да се стекнат со доверба и искуства за да ги задоволат потребите на обуката на полицајците во однос на малциснките и меѓуетничките прашања. Исто така, учесниците од овие здруженија на малцинствата треба да бидат од различна возраст, пол и други релевантни фактори и да не бидат избрани меѓу вообичаените или самоповиканите “водачи на заедницата”.[7]

10. *Полицискиот правилник на однесување треба да ги вклучува и професионалните стандарди за работата на полицијата во мултиетнички општества, а програмите за полициска обука треба да вклучуваат посебно создадени компоненти за постигнување на тие стандарди. Прекршувањето на тие стандарди треба да биде санкционирано со поправни мерки а примерното однесување треба да добие јавно и професионално признание.*

Професионалната обука е форма на образование која има посебна цел : оспособување за извршување на посебна професионална задача согласно професионалните стандарди. Со цел да се дефинираат тие стандарди треба да се воспостават правила на однесување и да се посочат компетенциите со кои се овозможува постигнување на тие стандарди од страна на професионалците. Овој принцип треба да се примени во контекст на полициската обука, особено во полициската обука за работа во мултиетнички средини. Програмите за обука, како и “анализите за потребите за обуката” на кои тие се базираат (види Препорака 8 погоре) треба да бидат прилагодени како поддршка на тие правила на однесување.

Правилникот за однесување се базира на меѓународни стандарди и ги поставува општите етички принципи на кои се базира успешното професионално полициско работење.[8] Исто така, има и правилник со посебните мерки и активности што треба да се преземат при извршување на посебни полициски задачи- во тој случај тој обично се

[7] Понатамошни упатства за оваа обука можат да се најдат во поглавјето за “Полициска обука за мигрант ии национални малцинства” во публикацијата на Советот на Европа, Човековите Права и Полицијата (1997) *‘Police Training on Migrants and National Minorities’ in the Council of Europe publication, Human Rights and the Police* (1997), исто така и н а: http://www.coe.int/ T/E/Human_Rights/Police/2._Publications/2.1_Trainers'_Supply_Kit/CI(98)1 _Workbook_ for_practice_oriented_teaching.asp

[8] Види во Правилникот за работа на Обединетите Нации за органите за спроведување на законот и Кодексот на полициска етика на Советот на Европа the *United Nations Code of Conduct for Law Enforcement Officials* and the *Council of Europe European Code of Police Ethics*, цитиран во фуснота 2 погоре.

нарекува ‘кодекс на работа’. Овие правила вообичаено ја содржат примената на етичките принципи во однесувањето при посебни полициски задачи во посебни национални и правни околности. Затоа правилата треба да бидат поставени од секоја држава посебно.

Особено е важно да се изготват кодексот на однесување и посебните практики во однос на полициското работење во мултиетнички заедници заради специфичните предизвици кои можат да произлезат во текот на работата и нејзината потенцијално контроверзна природа. Пример за потенцијални предизвици и контроверзно полициско работење вклучуваат справување со етнички конфликт, намалување на етничките тензии, извршување на операции за запирање и претрес во етнички чувствителни области или воопшто изведување на полициски дејства во средини каде што живеат малцинства. Детално наведените правила на праксата треба да содржат посебни упатства и поддршка за полицајците кои извршуваат вакви дејства. (види Препорака 16 за понатамошно појаснување.) На пример, на етичко ниво, може да има поголем ризик од корупција поврзана со етничкиот аспект, и заради тоа поголема потреба за будност и преземање мерки за зачувување на интегритетот. Меѓутоа, таквите етички прашања треба да се отворат во општите правила на однесување, а не со посебни правилници за работа во мултиетнички средини.

Усогласеноста со професионалните стандарди и правила на однесување треба да биде истакната од страна на одговорните лица и тоа треба да има позитивен придонес кон напредокот на кариерата на полицаецот. Овој напредок треба да се базира врз индивидуална проверка на работењето, во споредба со тие стандарди. Неусогласеноста со тие стандарди треба да се санкционира со поправни мерки или во сериозни случаи на неправилно однесување, со дисциплински мерки против полицаецот. Обуката треба да им помогне на полицајците да се однесуваат согласно овие професионални правила и стандарди. Полицајците чија што работа покажува најдобри резултати треба да бидат поканети да ги споделат своите искуства за време на обучувачките сесии. Сите овие механизми на професионална поддршка треба да се применуваат во однос на посебниот контекст на односите меѓу полицијата и малцинствата.

11. *Се препорачува полициските раководители и надзорни органи да бидат јасно упатени во нивната одговорност во водењето на својот персонал кон постигнување на овие стандарди во работата со малцинствата и да дадат добар водечки пример преку својата работа.*

Обуката и правилата на однесување сами по себе не се доволни да обезбедат усогласување на вистинската полициска пракса со начелата и со професионалните стандарди. Искуството покажува дека водството на одговорните полицајци и управата и надзорот над полицискиот персонал се исто така исклучително важни фактори. Поголем број од постарите полицајци од хиерархијата треба да покажат пример за своите помлади колеги да ги демонстрираат потребните стандарди во нивната секојдневна работа. Тие треба јасно да покажат дека од своите подредени очекуваат дејствување согласно овие стандарди, и да бидат активни во надзорот над поведението на полицајците согласно овие стандарди и човекови права. Доколку приватно тие ги омаловажуваат овие начела или создаваат негативни стереотипи за малцинствата, или ако не се осврнат на примерите на дискриминаторно однесување кај малцинствата, тогаш нивниот персонал многу брзо ќе сфати дека тие не се сериозни во својата посветеност на задачата. Припадниците на малцинствата кои цел живот го поминале во откривање на разни форми на дискриминација од страна на мнозинството, многу брзо ќе сфатат неправеден третман, без вистинска почит.

Одговорните лица за надзор во полицијата треба да бидат обучени за да бидат свесни за важноста на овие прашања и нивното ефективно разрешување. Основните принципи за оваа обука се дадени во Препораките 9 и 10 погоре. Способноста за справување со мултиетнички прашања во полициското однесување треба да се земе предвид во процедурата за избор за унапредување во повисоки чинови во полициската хиерархија.

Како што е нагласено во Препораката 7, преку цврсто и конзистентно водство треба да се стигне до крајната цел: промена на културата во полициската организација по еден долгогодишен период. Само тогаш организацијата ќе стане вистинско мултиетничко, професионално и непристрасно тело, каде што праведното и ефективно работење во мултиетничка средина е прашање на рутина.

## IV. РАБОТА СО ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

12. *Полицијата треба да има задача да развива начини и практика за комуницирање и соработка со малцинствата и да ја јакне взаемната доверба на локално, регионално и национално ниво.*

Демократскиот пристап кон полициското работење како јавна служба, воопшто, и работата во заедницата во потесна смисла, бараат редовна и ефикасна комуникација меѓу полицијата и граѓаните. Ефективното полициско работење во едно демократско општество не смее да биде базирано врз страв туку само на согласување. На полицајците им е потребна поддршката на јавноста за да ја извршуваат својата работа, не заради фактот што треба да имаат демократска одговорност, но и заради тоа што практичната соработка на јавноста (во прибирањето информации, пријавување криминални дејства, сведочење и сл.) е од големо значење за остварување на улогата на полицијата. Затоа, во една демократска држава полицајците треба да воспостават методи и практични чекори за комуникација со јавноста на сите нивоа со цел стекнување на нивната доверба.

Полицајците во едно мултиетничко општество се соочуваат со дополнителен предизвик. Комуникацијата и јакнењето на довербата треба да покрие различни малцински групи, кои се разликуваат по јазикот, културата, религијата и други околности, и кои можат да бидат резиденцијално проредени или концентрирани. Исто така, некои од овие групи може да биле жртви на дискриминација или друга форма на притисок од страна на државата во минатото, вклучувајќи ја тука и полицијата, и затоа тие може да си го задржат силното негативно мислење за полицијата. Затоа полицајците треба во методите и дејствата што ги преземаат во комуницирањето со јавноста да ја имаат предвид оваа разновидност и минати случувања за да можат ефективно да допрат до различни етнички и национални групи. Можеби се потребни посебни напори за достигнување и стекнување на довербата на оние етнички и национални малцинства кои имале најтешки искуства со неправедното однесување. Овде треба трпеливо градење на врските на доверба со заедниците и нивните водачи во текот на еден подолг период.

Постојат повеќе методи кои полицијата може да ги користи за развивање на комуникацијата со малцинствата. Некои од тие методи, како што е користењето на проспекти или радио и телевизија обично претставуваат еднострана комуникација и се од особена важност за пренесување на информации. За да се допре до малцинствата на овој начин, треба да се користат проспекти на јазиците на малцинствата како и емитувања на пораки во радиодифузните средства, на сите јазици, па и на малцинските. Меѓутоа, многу поважни за јакнењето на довербата и взаемното разбирање се интерактивните методи кои подразбираат личен контакт и комуникација помеѓу полицијата и малцинствата. Тука спаѓаат:

а) Форуми во заедницата Тука треба да се застапени членови од сите етнички делови и тие треба редовно да се состануваат за да дискутираат прашања од заеднички интерес. Таквите форуми треба да играат рутинска консултативна улога и да послужат како извор на информации за подобро разбирање на локалната заедница--и особено за малцинските прашања во однос на дејствувањето на службите што го спроведуваат законот. Тие исто така треба да помогнат во доближувањето на националните малцинства поблиску до државните институции, градејќи доверба во полицијата и помош при превенција и смирување на тензиите.

б) Јавни средби Со ова на полицијата треба да и се овозможи консултација со локалните заедници на најширока можна основа. Јавните средби треба да бидат отворени за сите и да се фокусираат на одредено прашање. Тие се особено значајни во време на тензии во заедницата, бидејќи и овозможуваат на полицијата директно да ги опфати сите интереси во заедницата и да дава точни информации за ситуацијата и за полициската реакција.

в) Советодавни одбори во заедницата Овие советодавни тела ги советуваат полицајците со повисок чин за извршувањето на полициската улога на најефективен начин во контекст на локалната заедница, вклучувајќи ги тука прашањата за полициската работа при етнички конфликти, справување со прашања на дискриминација и ангажирање во консултации со заедницата. Како членови на советодавните одбори, полицијата треба да покани лица за кои смета дека ги поседуваат релевантните способности и искуства за давање на такви совети. Тоа треба да бидат луѓе кои ќе даваат совети од независна перспектива, а не само да го одобруваат секој предлог на полицијата. Разновидниот етнички состав на локалната заедница треба да се одрази низ членството.

г) Заеднички работилници на полицијата и заедницата Ваквите работилници треба да ги зближат полицајците и луѓето од заедницата во заедничката работа при решавањето на проблемите поврзани со посебни прашања во односите меѓу полицијата и заедницата. Учесниците треба да бидат во мал број и внимателно одбрани како лица кои можат да придонесат кон решавањето на одреден проблем или прашање. Овој формат може да се користи и за потребите на обуката, за јакнење на меѓусебното разбирање и за подобрување на методите за соработка воопшто. Стручен олеснувач треба да се ангажира како модератор на овие работилници.

д) Пункт за контакти со припадниците на  заедницата во полициските станици. Овде треба да работат полицајци од различно етничко потекло, и треба да даваат информации на лицата припадници на националните малцинства за правните процедури и за можностите за регрутација во полицијата; а треба и да служат како еден вид "јавна рецепција" каде што лицата ќе можат да се обратат со своите прашања до полицијата. Контактните пунктови треба исто така да се воведат и во регионалните и градските полициски центри како и во полициските академии и школи за обука. Исто така, треба да се организираат "отворени денови" во полициските станици и во други организации каде што може да се обезбеди разгледување (вклучувајќи и детски посети), и овие можат да бидат посебно насочени кон лицата од националните малцинства.

ѓ) Совесни полицајци во редовна патрола во одредени заедници. Во локалните полициски станици на одделни полицајци треба да им биде доделена задачата за воспоставување и одржување контакти со секое од малцинствата во таа област. Покрај улогата на лица за контакт за малцинствата во полициската станица, тие треба да вршат редовни патроли и посети на локалитетите во кои живеат припадниците на малцинствата (како и посети на училиштата), и треба да воспостават личен контакт и доверба кај припадниците на овие заедници на што поширок можен план. На овој начин полицијата може да биде сигурна дека има контакт со потребите и интересите на најширок спектар на лица од сите малцинства и дека воспоставила односи на комуникација и взаемно разбирање и доверба.

Ваквите методи треба да се користат на сите нивоа: национално, регионално и локално. Персоналот и прашањата ке се разликуваат во зависност од нивото. На пример, на национално ниво, полицајците од повисок ранг и креаторите на начелата треба да се среќаваат со водачите на малцинствата на национално ниво за да дискутираат по основа на пошироките начела и стратешки прашања, или инциденти на национално ниво, додека пак на локално ниво фокусот  би бил на практични прашања поврзани со полициското работење во заедницата или инциденти на локално ниво. Полицајците треба да обезбедат употреба на малцинските јазици како средство за комуникација на ваквите средби (види. под Препорака 13 подолу). Понатаму, при правењето практични подготовки полицијата треба да ја земе предвид разновидноста во религиозните и културните обичаи, на пример, на тој начин што ќе внимава да не закажува активности на верски празници или чествувања. Исто така полицајците треба да обезбедат комуникација со жените и младите, а не само со постарите мажи во заедницата.

13. *Полицијата треба да обезбеди способност за комуникација со малцинствата на малцинските јазици, каде што постои можност, со регрутирање и обука на повекејазичен кадар, како и со помош на квалификувани преведувачи.*

Рамковната Конвенција за заштита на националните малцинства (член 10) ги утврдува правата на националните малцинства за употреба на нивниот јазик во јавноста и доколку е тоа можно, во односите со административните власти. Исто така, тука се утврдени нивните права за користење на нивниот јазик при ситуации како што се апсење или кривично гонење. Затоа полицијата треба да ја обезбеди употребата на овие јазици при работата со националните малцинства, без оглед дали станува збор за вработени, осомничени, сведоци или едноставно припадници на заедницата (нпр. при консултации, активности за спречување на криминалот или прашања за јавниот ред). Имајќи предвид дека националните малцинства се разликуваат по степенот во кој го користат својот јазик и исто така се разликуваат по степенот во кој се описменети и во кој го владеат официјалниот јазик (јазици) на државата, можеби е потребно да се направи процена на потребите со цел да се утврди каква одредба е потребна во праксата. Полицајците особено треба да имаат предвид дека одредени групи во рамките на националните малцинства  (како на пример, постари лица или жени) помалку го владеат јазикот на мнозинството или официјалниот јазик, бидејќи е веројатно тие да имале пократко формално образование или помал допир со јавниот живот.

Регрутирањето  на припадници од националните малцинства во полицијата веднаш ќе придонесе кон задоволување на оваа потреба во рамките на полициската заедница. Полицајците од малцинско потекло што работат во области населени со припадници од истото малцинство ќе можат да го користат својот јазик во работата. По потреба тие можат да послужат и како преведувачи за своите колеги, иако многу е важно и тие колеги, кои не се припадници на малцинството, да се стекнат со знаења од малцинските јазици. Многу е важно на полицијата да и бидат на располагање соодветно квалификувани и искусни преведувачи за комуникација со припадниците на националните малцинства. Особено во случаи кога станува збор за осомничени или сведоци, многу е важно полицијата да не се потпира врз преводот од страна на семејството или други лица со непознати компетенции, затоа што ова може да доведе до недоразбирања и погрешни толкувања, со што ќе се намали квалитетот на полициската работа и евентуално би можело доведе до сериозни неправди кон припадниците на националните малцинства.

14. *Полицијата треба да игра проактивна улога во охрабрувањето и поддршката кај малцинствата за помош во комуникацијата и соработката со полицијата, на пример како партнери во иницијативи за промовирање на регрутирањето и обезбедувањето обука во врска со малцинските прашања. Од нивна страна, малцинствата треба да бидат подготвени да комуницираат и соработуваат со полицијата со цел зголемување на безбедноста во заедницата и олеснет пристап кон правдата.*

Ефективното полициско работење во едно демократско општество зависи од постоењето на активни и добро информирани граѓани кои сериозно ја сфаќаат својата граѓанска должност и кои се спремни да пружат соработка и поддршка за полицијата да може да ја извршува својата работа. Во една мултиетничка држава, од исклучителна важност е активното учество на националните малцинства во овој процес. Како што е спомнато во Препораката 12, националните малцинства кои имаат помалку искуство во учеството како граѓани, може да се соочат со пречки (нпр. заради јазикот или образованието) или да немаат доверба да се ангажираат на ваков начин во комуникација со јавните власти, особено со полицијата. Ако полицајците се сериозни во намерата да воспостават ефикасна врска со националните малцинства, треба да заземат проактивен пристап во охрабрувањето и поддршката на националните малцинства за оваа улога, а не пасивно да чекаат и потоа да се жалат дека припадниците на малцинствата не им приоѓаат во иста мера како и другите групи.

Затоа полицијата треба да ги утврди сите начини на кои може да се засили учеството на малцинствата во овој процес и да им помогне да ги подобрат своите капацитети. За оваа цел полицијата треба да одвои средства. Ова засилување делумно може да се постигне со преземање мерки за јакнење на довербата од типот на оние утврдени во Препораката 12, како и со промовирање на јавната свест за правата и одговорностите во однос на полициското работење и правдата. Меѓутоа, поголема ефективност се постигнува со градење на цврсти и стабилни врски со здруженијата од малцинските заедници и други НВОи кои се активни на тој план. Овие здруженија и НВОи можат да и помогнат на полицијата во развивањето на комуникацијата со малцинските заедници, и да ѝ пружат вредни совети и информации во врска со етничките и малцинските прашања. Полицијата исто така може да создаде поформални партнерства со овие тела со цел преземање на иницијативи како што се посочување и поддршка за идните регрути од националните малцинства, давање совети и придонес кон полициската обука, како и проценка на можностите за реакција на етнички тензии и конфликт. Партнерството од овој вид треба да содржи формален договор меѓу две

или повеќе одделни организации за заедничка работа на еднаква основа, континуирано до остварување на заедничките цели.

Развивањето на ефикасна соработка со групите од заедницата и НВОи може да потрае подолго време, и подразбира јакнење на довербата и взаемното разбирање. Од почеток може да се случи двете страни да бидат претпазливи: малцинствата може да се сомневаат дека полицијата има “скриени намери” како на пример прибирање на информации за криминални активности помеѓу националните малцинства; додека пак, полицијата може да има недоволно искуство во работата со групите од граѓанското општество и може да се сомнева во мотивите на тие групи, особено ако тие порано јавно ја критикувале полицијата. Затоа е важно да се најдат заеднички интереси како на пример подобрување на односите помеѓу полицајците и малцинствата и доближување на малцинствата до правдата, за потоа на оваа основа да се изнајдат начини на кои секоја од страните ќе и помогне на другата почитувајќи ги притоа различните улоги и стил на работа (вклучувајќи го тука и правото на НВО да продолжат со критикување на полицијата во име на своите заедници во случај на грешки во работењето). Меѓутоа, искуството покажува дека користа од ваквите партнерства за двете страни е прилично голема и се зголемува со тек на времето. Тие партнерства исто така обезбедуваат рамка во која било кој последователен проблем во односите меѓу полицијата и малцинствата може да се разреши преку дијалог и медијација.[9]

Самите припадници на малцинствата можат да придонесат кон безбедноста на заедницата и пристапот до правдата со промовирање на свеста за правата и обврските на нивните членови во законот, со давање совети и поддршка за лицата кои се жртви на криминално дејство, со охрабрување на граѓанското учество во активностите поврзани со безбедноста на заедницата и полициското работење, и со работа во однос на промовирање на интересите и праведниот третман на припадниците на нивните заедници по прашањата поврзани со полициското работење и правдата. Разрешувањето на многу спорови или неправди помеѓу припадници од малцинските заедници може да се одвива преку медијација или со други традиционални средства во рамките на таа заедница, без да се создаде потреба за вклучување на полицијата или другите служби на законот. Меѓутоа, од особено значење е малцинствата, или одредени групи меѓу нив, да не ја земаат правдата во свои раце, како и фактот сите припадници на малцинствата да имаат неограничен пристап кон правдата и

[9] Понатамошни упатства за јакнење на соработката помеѓу полицијата и НВО се наоѓаат во брошурата објавена од Платформата за европско полициско работење и човекови права:полицијата и НВО: Зошто и како НВО за човекови права и полициските служби можат и треба да работат заедно: *Police and NGOs: Why and How Human Rights NGOs and Police Services Can and Should Work Together*, достапна на: http://www.epphr.dk/downloads.htm.

правосудниот систем на државата воопшто. Многу е важно жените во тие заедници, кои може да бидат дискриминирани на родова основа или да се жртви на домашно насилство, да не бидат спречени од страна на внатрешните структури во заедницата во обраќањето кон правосудните органи и системот воопшто.

15. *Се препорачува воспоставување на механизми со кои ќе се обезбеди демократска одговорност на полицијата за своите постапки кон луѓето од сите слоеви на општеството. Тука се подразбира воспоставување ефикасни системи за поднесување и проверка на жалби, лесно достапни за припадниците на национални малцинства. Сите слоеви на заедницата треба да бидат свесни за своите права и обврски во однос на полицијата, како и за овластувањата на полицијата и услугите што таа ги обезбедува.*

Во едно демократско општество од полицијата треба да се бара одговорност не само според законот преку судовите и правосудниот систем, туку и директно од страна на јавноста, со цел да се обезбеди транспарентност на работењето на полицијата во заедниците на кои им служат и од чија согласност зависат. Одговорноста е фундаментален принцип за “работење во заедницата.”

За да се обезбеди демократска одговорност, треба да се воспостават формални структури на локално како и на национално ниво, како на пример форуми или претставнички одбори, на кои од полицијата ќе се бара извештај за работните активности и евентуално објаснување или оправдување (види Препорака 12 погоре). Националните малцинства треба да бидат застапени во овие одбори и треба да учествуваат на овие форуми, кои треба да се одржуваат на места достапни за секого. Исто така, националните малцинства треба слободно да ги искажуваат своите стравувања во врска со полициското работење, и тоа да го прават на својот јазик. Овие формални структури не треба да бидат управувани од самата полиција, туку треба да бидат воспоставени така што ќе работат независно. Државите треба да го олеснат воспоставувањето на овие структури, да обезбедат средства и да го обезбедат учеството на малцинствата. Исто така, државите треба да ја имаат предвид потенцијалната корист од законската обврска за воспоставување на структури за одговорност.

Ефективните механизми за поднесување жалби за полициското однесување (и на јазиците на малцинствата таму каде што е можно) треба да бидат интегрален дел од структурите за одговорност. Граѓаните треба да бидат во можност да добиваат

објаснување за конкретните активности од страна на полицијата за кои тие сметаат дека се штетни или непрофесионални, како и да обезбедат исправка каде што е можно, без да се посегнува по примена на законот. Некои инциденти се погодни за разрешување со помош на дијалог помеѓу граѓаните и полицијата, а процедурата за поплаки треба да го олесни ова. Посериозните инциденти треба да се поднесат на независно тело за поплаки во полицијата кое што е воспоставено за оваа потреба или, доколку постои, општо тело за проверка на поплаки, како што е народниот правобранител. Од големо значење е малцинствата да имаат пристап до механизмите за поднесување на поплаки, за да ја имаат истата шанса за надомест од злоупотребата на полицијата како и другите граѓани. Полициските раководители треба да дадат позитивна поддршка за овие системи на поплаки, не само во принцип, туку затоа што постоењето на овие механизми помага за јакнење на довербата во заедницата и затоа што од тука тие можат да имаат пристап до значајни информации за евентуалните грешки во полициската работа. Државите треба да обезбедат воспоставување на овие механизми и нивно ефективно работење, тие да вклучуваат елемент на граѓанско учество (тука се подразбираат и националните малцинства) и надзор, како и целосен пристап до сите етнички и национални групи.

Со цел ефективно да учествуваат во комуникацијата со полицајците и навистина да ја остварат својата граѓанска должност, малцинствата треба да бидат свесни за своите права и обврски во однос на полициското работење, како и за овластувањата на полицајците и услугите што тие треба да ги пружат. Иако креирањето на ваква свест меѓу граѓаните не мора да биде нивна посебна одговорност, во интерес на полицијата е граѓаните да бидат свесни со цел да можат да ја извршуваат својата улога согласно демократските принципи. Затоа полицијата треба да покаже волја за активно промовирање и учество во едуцирањето на јавноста за овие цели и особено да ја поддржи работата во училиштата или во НВО. Полицијата особено треба да обрне внимание да ја зајакнува свеста кај малцинствата и да учествува на состаноци или на обуки за водачите на заедницата организирани за оваа цел. Меѓутоа, државите не треба оваа задача целосно да им ја препуштат на полицијата и на НВО, туку треба да обезбедат широка дистрибуција на информаците за правата и одговорностите на граѓаните во однос на полициското работење, на малцинските јазици, и како дел од школската програма.

# V. ОПЕРАТИВНИ ДЕЈСТВА

16. *Треба да се преземат мерки со кои ќе се обезбеди полицијата непристрасно и недискриминирачки да го спроведува на начин што нема да издвојува ниту една конкретна група, на пример преку 'етничко профилирање'. Овие мерки треба да вклучуваат и правилник за однесување во оперативните дејства, како на пример, употреба на полициска сила за застанување и претсресување на луѓе на улица и други јавни места.*

Како што веќе беше напоменато, полицијата во едно демократско општество обично е највидливата од сите владини служби, како и една од оние со најнепосредно влијание врз секојдневниот живот на граѓаните. Затоа е многу важно полицијата како претставник на државата да ја извршува својата работа примерно. Ова од полицајците бара во секое време да се однесуваат професионално и согласно човековите права, како и да го применуваат законот на непристрасен и недискриминирачки начин.

Полицајците се регрутираат од пошироките слоеви на општеството и можат да се разликуваат во голема мера во нивното познавање на малцинствата како и нивните предрасуди во врска со нив. Овие предрасуди може да се изразуваат и споделуваат јавно или да бидат прикриени. Во било која форма тие може да влијаат на однесувањето на полицаецот кон одредени етнички групи. Затоа секогаш постои опасност полицајците да третираат на различен начин членови на посебни етнички групи, директно или индиректно, освен ако не се преземат активни мерки за спречување на оваа појава.

Посебно внимание треба да се обрне на случаите на "етничко профилирање". Ова значи наведување податоци за расната или етничката припадност во профилот на лицата за кои полицијата смета дека е веројатно да бидат сторители на кривично дело. Лицата кои одговараат на тие профили се третираат со посебно внимание од страна на лицата што го спроведуваат законот и се подложени на мерки како "запирање и претресување", преглед на возилото, проверка на идентитетот итн. Профилирањето на етничка основа подразбира употреба на етнички и расни стереотипи, а не поединечно однесување, како основа за донесување заклучок во однос на веројатноста дека лицето ќе учествува во криминални дејства. Постојат голем број докази дека профилирањето на расна основа е широко распространето и се спроведува на неформална база низ целиот регион опфатен од ОБСЕ од страна на службите што го спроведуваат законот, иако официјално таа пракса се осудува. Групите подложни на

профилирање на расна основа се разликуваат од држава во држава, иако ваквото профилирање за Ромите и патувачките групи е исто ширум Европа.

Без оглед на конкретниот етнички состав на нивното население, на сите држави им се советува да работат кон воведување на етничко следење на исходот на полициските операции, со цел да се увиди дали постои дискриминација или не. Ваквото следење подразбира и статистичко мерење за тоа дали полициските операции како што се “запирање и претрес” се изведуваат праведно и пропорционално на различни етнички групи. Следењето ќе им помогне на државите во обезбедување на усогласеност со меѓународните обврски (нпр. според Европската Конвенција за човекови права и Меѓународната Конвенција за елиминација на расната дискриминација), како и сопствените национални обврски (нпр. според уставот или домашните закони) за превенција на дискриминацијата на етничка и друга основа. Доколку ова следење се извршува со должното почитување на доверливите податоци, и доколку тие се анонимни и здружени во статистичка форма, правата на поединецот не можат да бидат нарушени.

Државите треба да обезбедат јасни начела и професионални стандарди со кои се бара еднаков третман и се забранува дискриминација во примената на законот од страна на полицијата и тие треба да бидат дополнети со обука и детални правила на работење. Како што е наведено во Препораката 10, ваквите правилници треба прецизно да го утврдат однесувањето што се очекува од полициските органи при извршувањето на конкретните полициски задачи, така што ризикот од дискриминација или друго непрофесионално однесување е сведен на минимум. Особено, тие треба да се утврдат за оние задачи каде што постои ризик од евентуална дискриминација: тука треба да се содржат употреба на полициските овластувања за запирање и претресување на луѓе на улица или други јавни места, контролата на преминување на границите, употребата на сила при апсење, спроведувањето на полициски рации во населени места, како и справувањето со етнички конфликти и јавен неред. Прекршувањето на правилата треба исто така да биде казнето со дисциплински мерки.

Имајќи ја предвид важноста на примената на законот од страна на полицијата во мултиетнички општества на непристрасен и недискриминирачки начин, на државите им се препорачува да размислат за усвојување на “систематска проценка” на полициските начела и пракса воопшто во однос на етничките и националните

малцинства.[10] Проценката треба да ги спореди тековните полициски практики со меѓународните професионални полициски стандарди и барањата на меѓународните човекови права. Таа треба да се базира врз докази добиени преку истражување, анализа на инциденти и во консултации со националните малцинства и НВОи. Потребно е да се изготват и акциски планови кои ќе се однесуваат на оние области каде што праксата е далеку под меѓународните стандарди.

17. *Полицијата треба да ги охрабрува припадниците на националните малцинства да пријавуваат криминални дејства со што ќе се промовира безбедноста во заедницата и пристапот до правдата.*

Во откривањето на криминалните дејства, полицајците насекаде се многу зависни од информациите што ги добиваат од јавноста. Постојат сеопфатни докази од целиот регион на ОБСЕ дека малцинствата поретко пријавуваат криминални дејствија од другите слоеви на општеството. Со цел полицајците да бидат во состојба да одговорат во еднаква мера кон криминалот направен врз припадниците на националните малцинства, тие треба да обезбедат еднакво учество на малцинствата во пријавувањето на криминалот како и сите други. Исто така полицајците треба да бидат подеднакво ефикасни и професионални во евиденцијата и истрагата на криминалните дејства сторени врз припадниците на националните малцинства, како и во приведувањето на сторителите на тие криминални дела пред лицето на правдата. Припадниците на националните малцинства обично пријавуваат криминални дејства во полицијата само доколку веруваат дека ќе бидат третирани со почит и дека нивните пријави ќе бидат сфатени сериозно. Полицајците треба да обезбедат редовно информирање за припадниците на националните малцинства како и за сите граѓани, за напредокот и исходот на секој од случаите во кој тие се вклучени како жртви или сведоци. Научните истражувања на криминолозите редовно покажуваат дека личното искуство на жртвите на криминално дело при нивниот третман од страна на полицијата е еден од најсилните аргументи за нивото на доверба и верување во полицијата, не само кај малцинствата, туку и во сите слоеви на заедницата.

Истражувањата покажуваат и други фактори што влијаат врз степенот во кој малцинствата пријавувааат криминални дејства, како на пример, познавањето на процедурата за пријавување на криминално дејство и нивното разбирање на системот

[10] Како што се препорачува во поглавјето за полициско работење во Акцискиот план на ОБСЕ за подобрување на ситуацијата на Ромите и Синтите, 2003 *OSCE Action Plan for the Improvement on the Situation of Roma and Sinti*, *2003*, достапно на: http://www.osce.org/documents/odihr/2003/11/1562_en.pdf

за кривчна правда. Полицијата може да игра важна улога во зголемувањето на нивоата на познавање и доверба меѓу етничките малцинства, особено со барањето соработка од НВОи и здруженијата на заедниците кои можат да дистрибуираат информации за пријавување на криминалот и да ги охрабрат жртвите да ги пријавуваат инцидентите и да им пружат поддршка. Особено внимание треба да се посвети на потребата  овие информации и поддршка да стигнат до жените во малцинските заедници. Исто така, полицијата треба да преземе мерки да им овозможи на припадниците на малцинствата да пријавуваат инциденти на своите јазици. (види под Препорака 13 погоре).

Граѓаните ќе бидат послободни во пријавувањето на криминалот во полиција доколку веруваат дека полицијата, општо земено, совесно ја извршува својата работа во заштитата од криминалот. Државите треба да ги охрабруваат полицијата и владините служби на локално ниво да усвојуваат и применуваат начела за промовирање на “безбедноста во заедницата”. Под “безбедност во заедницата” се подразбира целта да се обезбеди сигурност од криминал во местата каде што луѓето живеат и работат, за луѓето да се чувствуваат безбедни во нивните домови како и во секојдневните движења на јавни места. НВОи и граѓаните треба активно да се вклучат во иницијативите за обезбедување сигурност во местата на живеење и работење и треба да се поттикнуваат на соработка со полицијата за оваа цел. Исто така, припадниците на малцинствата треба активно да се вклучат во овие активности. Заедничката соработка на различни етнички групи со полицијата на локално ниво во промовирањето на безбедноста во заедницата е значаен метод за продлабочување на етничката интеграција во едно мултиетничко општество.

18. *Кога вршат редовни патроли во мултиетнички области, каде што е тоа можно, полицијата треба да обезбеди етнички мешани тимови со цел зајакнување на довербата кај јавноста и зголемување на нивната оперативна ефективност. Исто така, полицијата треба да обезбеди адекватен сооднос на нивната тактика и изглед (пример: бројност, видливост на оружјето, избор на униформата) со задачата којашто ја извршуваат без да предизвикуваат непотребен страв и тензија кај населението.*

Како што е објаснето погоре во Препораката 4, во едно мултиетничко општество многу е важно составот на полицијата да биде репрезентативен во однос на општеството. Ова е потребно за да се обезбеди легитимитет на полицијата во очите на

сите етнички групи, како и за тоа полицајците да ги имаат сите практични вештини и искуства во работата со сите сектори од општеството.

Ова е особено важно на оперативно ниво во локалните области кои се мултиетнички во нивниот состав на населението. Полицајците треба да знаат како да комуницираат со сите групи и како да ја стекнат нивната доверба, особено во ситуации каде што може да има меѓуетнички тензии. Воведувањето на мешани патроли и мешани тимови за истражни и други дејства може да и помогне на полицијата во остварувањето на оваа цел. Исто така мешаните тимови можат да и обезбедат на полицијата повеќејазичност при извршувањето на полициските задачи во мултиетничките заедници. Истовремено, полицијата и покажува на јавноста добар практичен модел за мултиетничка соработка во обезбедувањето на јавнате служба, што е основа за успешна мултиетничка држава.

Користењето на мешани патроли и работни екипи треба внимателно да се следи и управува онаму каде што станува збор за нови регрути или каде што имало меѓуетнички тензии во општеството во поширок контекст. Раководителите треба да се чувствителни во однос на евентуални извори на такви тензии, како и за притисоците кои ги носи справувањето со тие тензии врз полицајците од различно малцинско потекло. Онаму каде што полицајците од малцинско потекло работат во своите заедници, ова може да значи предност за полицијата како и за заедницата. Меѓутоа, доколку има некој конфликт помеѓу малцинствата и полицијата воопшто, полицаецот од малцинско потекло може да стане предмет на непријателско однесување (види исто под Препорака 7 за распоредувањето на полицајци од малцинско потекло). Исто така може да се појават притисоци врз полицајците од мнозинството кои работат во средини претежно населени со малцинства, а тука може да помогне колега од малцинствата за намалување или разрешување на проблемот. Користењето на мешани патроли и работни екипи затоа може да се смета како заштита од овие различни тенденции и ја потврдува тековната посветеност на полицијата кон мултиетничката соработка и професионална интеграција.

19. *Полицијата треба да обезбеди строга и ефикасна примена на законот за антидискриминација. Полицијата треба да преземе особени мерки за охрабрување на пријавувањето на криминални дејства мотивирани од етничка омраза и да обезбеди целосна документација и истрага во тие случаи.*

Правото на еднаков третман е фундаментално човеково право, и сите држави имаат закони од некаков вид со кои е покриено прашањето на дискриминација. Меѓу државите може да постои разлика во степенот и во начинот на кој нивните закони ги покриваат разните форми на дискриминација. На пример, во некои држави, дискриминацијата е покриена со граѓанско право и полицијата тука не е надлежна. Исто така насилните дејства мотивирани од етничка омраза може да бидат опфатени од посебни закони, може да се сметаат како потешки случаи во поширок контекст на кривичниот закон или може да немаат никаква правна основа.

Без оглед на тоа кои се нивните одговорности според законот за справување со криминалот мотивиран од омраза и насилство, полицајците треба да обезбедат примена на овие закони на цврста и конзистентна основа. Било која демократска мултиетничка држава, за да функционира, зависи од полицијата во обезбедувањето на ефикасна примена на законите против расизмот и дискриминацијата. Секако, ова мора да се спроведе согласно улогата на обвинителите и судовите, според процедурите и надлежностите воспоставени во секоја држава посебно. Меѓутоа, полицијата секаде игра клучна улога.

Дејствата на физичко насилство мотивирани од етничка омраза се најсериозна форма на криминал мотивиран од етничка омраза, и претставуваат најсериозна закана кон стабилноста и добросостојбата на мултиетничките демократски општества воопшто. Овие дејства не само што им нанесуваат сериозна штета на поединците, туку заради фактот што поединците се на мета заради нивната етничка припадност, ова е закана за целата заедница, а со тоа и за компактноста на целото општество воопшто. Од исклучителна важност е полицијата да го разбере значењето на нивната улога во справувањето со овој вид на криминал (нпр. преку обезбедување обука на таа тема) и да сфати дека целото општество зависи од нивната ефикасна работа на тој план.

Елементот на расизам или етничка омраза во криминалните дејства е честопати експлицитен, иако понекогаш може да се случи да биде суптилно скриен. Во мултиетнички контекст, полицијата секогаш треба да ја има предвид можноста од ваквиот мотив за едно криминално дејство, (без оглед на нивната почетна гледна точка) и секогаш да остави простор за истрага на наводите на жртвата или друго лице за елементот на расна мотивација. Пресудата на Европскиот Суд за човекови права во

случајот *Начова* јасно покажува дека сите европски држави имаат обврска да истражуваат евентуални расистички мотиви во позадината на дејствата на насилство.[11]

Со цел ефективно да се справат со криминалот мотивиран од етничка омраза, првиот предуслов е полицијата да има процедури за евиденција на вакви криминални дејства, како и за нивна ефикасна истрага. Со овие процедури треба да се обезбеди соодветно прибирање на доказите за елементот на етничка мотивација за судската постапка. Полицајците треба да бидат обучени за следење на овие процедури и да разбираат во што се состои нивното значење. Полицијата треба да обезбеди доверба не само кај мнозинствата туку и кај малцинствата кои се непропорционално застапени како жртви на овие криминални дејства, за пријавување на криминалот и полицијата треба да соработува со НВО и групите од заедницата за оваа цел. Исто така, полицијата треба да прибере анонимизирани, колективни статистички информации за ваквите криминални дејства и да ги анализира со цел да се овозможи следењето на случувањето на овој вид криминал и нивната ефективност во реакцијата. Овие податоци треба да бидат достапни до другите јавни органи и НВО, за да можат да соработуваат со полицијата во преземање превентивни мерки.[12]

20. *Државите треба да обезбедат ефективност и еднаков пристап кон механизмите за советување и поддршка на жртвите на криминалот и за припадниците на националните малцинства.*

Државите членки на ОБСЕ во моментот се разликуваат според степенот во кој ги признаваат потребите и правата на лицата кои биле жртви на криминални дејства, како и во степенот до кој тие обезбедуваат совети и поддршка за тие лица. Во многу држави, тоа е сведено на минимум или воопшто не постои. Меѓутоа, во последно време, меѓународната заедница става голем акцент на потребата од поголемо признавање на правата на жртвите на криминалот, со покривање на темата со голем број меѓународни конвенции и декларации, особено оние кои се однесуваат на жените и децата. Овие документи ги издвојуваат посебните човекови права кои се релевантни за жртвите на криминалот, вклучувајќи ги тука правата на лична слобода и достоинство, правото на компензација, на медицинска, физичка и социјална помош, на

[11] Европски Суд за човекови права (Голема Комора) 6 Јули 2005, Начова и други против Бугарија, (пријави бр. 43577/98 и 43579/98) *Nachova and others v. Bulgaria*, (applications nos. 43577/98 and 43579/98) достапно на: http://www.echr.coe.int

[12] Од 2004, посебна програма на ОБСЕ – Програмата за органите на спроведување на законот за борба против криминалот предизвикан од омраза ОДИХР; *The ODIHR Law Enforcement Officer Programme on Combating Hate Crime* и помага на полицијата во земјите учеснички во ОБСЕ во справувањето со овие прашања. Види: http://www.osce.org/odihr/item_11_16251.html

информации во врска со текот на криминалистичката истрага и правото на судска постапка, воопшто.

Истражувањата покажуваат дека дури и во оние држави каде што постојат вакви одредби, кога етничките малцинства ќе станат жртви на криминални дејства, тие имаат помалку пристап до оваа поддршка и има помала веројатност деке ќе добијат некаква корист. За ова може да има разни причини, како на пример: локацијата на помошта, недостиг од познавање на (или доверба во) овие служби помеѓу малцинствата, недостиг од чувствителност на оние кои ја пружаат услугата за културната разновидност, непознавање на јазикот или слабо комуницирање на малцинските јазици.

Одговорноста за поддршка на жртвите не е само или главно на товар на полицијата, туку воопшто на државата. Државите треба да воспоставaт национални структури кои ќе бидат во состојба да даваат услуги за поддршка на жртвите на локално ниво и услуги кои се пристапни и соодветни на потребите на сите етнички групи. Организациите за поддршка на жртвите треба да бидат потполно независни од властите (и таа независност да биде транспарентна), но истовремено треба да има целосна соработка помеѓу нив. Учеството во граѓанското општество и НВОи треба максимално да се искористи .

Меѓутоа, полицијата има клучна улога во обезбедувањето на поддршка за жртвите и во интерес на ефективноста на полицијата е да ја извршуваат оваа задача. Полицајците се често првата точка на контакт со властите за жртвите на криминални дејства, кои во тој момент можат да бидат емотивно вознемирени, физички повредени, без познавање на своите права и со итна потреба од совет и поддршка. Паралелно со извршувањето на нивните задачи во однос на кривичниот законик, полицијата треба да биде во состојба да пружи поддршка во итни случаи, а потоа да ги упати жртвите на соодветните места. Од исклучителна важност е полицијата ефективно да ги извршува задачите за непосредна поддршка на жртвите, како за безбедноста на жртвата така и за здобивање на довербата со цел жртвата да биде согласна да даде изјава за истрагата на случајот, како и да се согласи да сведочи на суд. Заради овие причини од исклучителна важност е полицијата да ги информира целосно жртвите за текот на истрагата. Полицајците треба исто така да обезбедат заштита за жртвите во оној случај каде што постои закана за нивната безбедност после криминалното дело или заради нивната согласност истото да го пријават во полиција.

Полицијата треба да обезбеди доверба како кај малцинствата така и кај мнозинствотот, за нивната поддршка и заштита кога тие се жртви на криминално десјтво. Онаму каде што порано имало конфликти или недостиг од доверба помеѓу малцинствата и полицијата, многу е важно полицијата да преземе активни мерки за надминување на таа пречка. Особено внимание треба да обрне на обезбедување на поддршка и заштита за жртвите во случаи на криминал или насилство мотивирано од етничка омраза. Овие случаи често пати се состојат од "повторување на малтретирањето на жртвата" или одмазда или бескрајна размена на закани или насилни дејства помеѓу различни етнички групи. Заедниците во целина, а не само поединците, може да се чувствуваат како жртви кога се случуваат криминални дејства мотивирани од етничка омраза, и полицијата треба да ја препознае евенуталната потреба за пружање поддршка и заштита на ниво на заедницата, а не само на поединецот или на семејството. Онаму каде што е релевантно, полицијата треба да изврши проценка на ризикот за овие потреби.

## VI. ПРЕВЕНЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ

21. *Полицијата треба да биде едуцирана и обучена за својата проактивна улога во развојот на односите со малцинствата со цел да се посочат и по можност да се намалат тензиите кои можат да доведат до меѓуетнички конфликти.*

Како што е наведено во воведот, ВКНМ ја посочува полицијата како фактор со главна улога во превенцијата на етничкиот конфликт. Ова произлегува од повеќе фактори: одговорноста на полицијата за одржување на јавниот ред и мир, овластувањата на полицијата за оваа цел, информациите достапни на полицијата за тензиите и инцидентите кои можат да доведат до етнички конфликт и професионалните способности кои полицајците можат да ги применат со цел спречување на разгорувањето на овие тензии и инциденти во физичко насилство од пошироки размери помеѓу различни етнички групи.

Често пати се претпоставува дека надлежноста на полицијата во однос на етничкиот конфликт е ограничена на реакција на конкретни инциденти или отворен конфликт: за повторно воведување на ред и за доведување на прекршителите пред судот. Оваа претпоставка ја потценува улогата на полицијата во најраните фази во потенцијалното разгорување на конфликтот, како и во стивнувањето на тензиите помеѓу етничките групи откако повторно е воспоставен јавниот ред и мир. Секако дека полицијата ја нема ексклузивната надлежност во превенцијата на вкви конфликти и во преземањето

мерки за справување со нив, но во соработка со другите органи на власт и со претставниците на граѓанското општество тие можат да одиграат исклучително значајна улога.

Главниот придонес што полицијата може да го има во превенцијата на етничкиот конфликт е следењето на нивоата на тензии помеѓу етничките групи, врз основа на докази и систематски индиции. Доказите треба да се состојат од (а) бројот и степенот на сериозност на одделни инциденти (нпр. закани и меѓусебно насилство) помеѓу лица-припадници на различни групи со потенцијал на ескалација, и (б) информации прибрани од извори од заедницата за општите нивоа на непријателство во рамките на групите или за плановите што се прават за конкретни непријателски дејства. За овие информации полицијата треба да изгради односи на доверна и добра комуникација со сите етнички групи и да воспостави контакти со сигурни и непристрасни извори на информации.

Со цел информациите за нивото на етничките тензии да можат да се прибираат и споредуваат во тек на времето и од различни географски локации, потребно е да се развијат систематски индикатори. Овие индикатори треба се следат на национално како и на локално ниво. Другите јавни органи на власт како што се локалните или регионалните власти, и НВОи исто така се во можност да придонесат кон следењето на овие тензии. Додека деталите за информациите користени за потребите на следењето треба да бидат доверливи, за полицијата и за властите е важно во одредени околности да дадат проценка достапна на јавноста  (на пример, ако медиумите или екстремистички групи во свој интерес претеруваат во прикажувањето на нивото на тензија).

Државите треба да се погрижат полицијата да воспостави системи за следење на етничките тензии, тие ефективно да функционираат на локално и национално ниво, како и тоа надлежноста за прибирање и обработка на податоците да биде јасно зададена на конкретни вработени кои што ќе се обучат за извршување на оваа улога.

Исто така, државите треба да се погрижат дека полицијата целосно ја разбере важноста на својата улога во превенцијата на етничките тензии и конфликти, и таа улога да најде место во полициската обука воопшто. Со обуката треба да се обезбеди дека повисокото полициско и оперативно раководство добро ги разберат потенцијалните причини и динамика на етничкиот конфликт, да имаат добри вештини на медијација и да знаат да проценат како преку водството јавниот авторитет на

полицијата може да се искористи за обезбедување на посветеност кај потенцијално конфликтните групи да изнајдат ненасилни решенија.

Исто така државите треба да обезбедат правилно разбирање на "превенцијата на етнички конфликт", т.е. дека ова не подразбира оправдување за полицијата за репресивни дејства кои ги прекршуваат човековите права, туку дека превентивните дејства треба да бидат дел од пошироките начела за промоција на интеграцијата на малцинствата и добрите меѓуетнички односи. Легитимноста и ефективноста на полицијата при обезбедувањето на посветеност кон ненасилни решенија кај сите етнички групи директно зависи од тоа дали полицијата дава одраз на доверба за праведно делување кон сите групи согласно човековите права.

22. *Исто така, полицијата треба да биде обучена и опремена за справување со граѓански нереди и инциденти на меѓуетнички конфликт на високо професионално ниво, со цел стивнување на конфликтите и нивно евентуално разрешување по пат на медијација, и со минимална употреба на сила.*

Одржувањето на јавниот ред е главната одговорност на полицијата во една демократска држава. Во една мултиетничка држава отворениот етнички конфликт е акутна форма на јавен неред, бидејќи претставува сериозна закана кон основите на општествената кохезија на државата. Способноста на полицијата да се справува и да ги разрешува овие испади на јавен неред затоа е клучен фактор за одржувањето на успешно мултиетничко општество. На полицајците одговорни за справувањето со граѓанските нереди и инциденти на етнички конфликт, треба да им се обезбеди посебна обука и треба да се воспостават детални правилници за оваа цел. (Општи упатства за обуката и правилниците се дадени во Препораките 8-10 погоре.)

Кога станува збор за инциденти од меѓуетнички конфликт, полицајците не само што треба да бидат технички ефикасни, туку треба да го одржат својот легитимитет во очите на сите групи и да дејствуваат во секое време согласно меѓународните човекови права. Едно од клучните прашања е употребата на сила од страна на полицијата. Иако полицијата има право да употреби сила за разрешување на конфликти согласно законот, нивната професионална цел треба да биде да се користи најминимално нужниот облик на сила, и тој да се користи како последно средство. Алтернативните мерки, како што е медијацијата, треба да се користат каде што е тоа можно и да се

воспостават јасни правила со кои се посочуваат околностите во кои употребата на сила е оправдана и како треба да се применува.[13]

Полицијата треба секогаш да има предвид дека нивното дејствување не е одвоено или “надвор” од динамиката на меѓуетничките односи: тие се интегрален дел од тековните општествени и политички процеси во една демократска држава. Како агенција на државата одговорна за справување со внатрешен кофликт, нивните дејства можат – во најмала рака во краткорочен или среднорочен период--да имаат клучен ефект врз развојот на меѓуетничките односи и иднината на државата воопшто. Поради овие причини нивната способност да ја задржат довербата на сите етнички групи додека се справуваат со конфликтите и повторно го воспоставуваат јавниот ред има фундаментално значење. Ако тие дејствуваат или се чини дека дејствуваат на етнички пристрасна основа против малцинствата додека ја извршуваат оваа улога, во очите на малцинствата нивниот легитимитет како претставници на државата ќе биде уништен. Затоа е важно сите полицајци, без оглед на нивното етничко потекло, да дејствуваат со строго професионален интегритет во решавањето на ситуациите поврзани со меѓуетнички конфликт.

23. *Особено на локално ниво, полицијата треба да остварува тесна соработка со другите јавни служби со цел на постигнување поширока координација на нивните дејства за превенција и справување со меѓуетнички конфликт и промоција на интеграцијата на малцинствата и изградба на успешно мултиетничко општество.*

Додека справувањето со отворениот етнички конфликт е основна одговорност за полицијата, превенцијата на таквиот конфликт и разрешувањето на тензиите откако ќе се случи таков конфликт се задачи кон кои полицијата може и треба да придонесе, но тоа не единствено нејзина функција. Другите јавни органи на власта исто така треба да одиграат улога особено со давање водечки пример во отворањето на прашањата за основните причини за таквиот конфликт. Кои органи на власта ќе бидат вклучени зависи до одреден степен од карактерот на овие причини: на пример, во некои ситуации каде што конфликтот е поврзан со прашања за имот и сопственост, органите за имотно-станбени прашања можат да играат голема улога. Клучна улога имаат оние органи на власта кои имаат капацитет да ги зближат членовите на

[13] При пристапувањето на кон употреба на сила воопшто, полицијата треба да ги следи насоките на ОН: Основни принципи за употребата на сила и огнено оружје од страна на органите на спроведување на законот, *Basic Principles on the Use of Force and Firearms by Law Enforcement Officials*, достапна на: http://www.unhchr.ch/html/menu3/b/h_comp 43.htm.

различни групи кои се во конфликт, да изградат мостови на лично ниво и да развиваат заеднички проекти за унапредување на разни прашања од заеднички интерес. На долгорочно ниво, образованието--особено образованието со кое се зближуваат млади луѓе од разни етнички групи--ќе има исклучителна улога и затоа органите на власта од областа на образованието мора да имаат клучна улога. Поради значењето на отварањето на овие прашања на локално ниво и локалната власт сигурно ќе има голема улога во тој процес.

На национално, како и на локално ниво, полицијата и другите јавни власти треба да се здружат во развивањето на посебни стратегии (вклучувајќи и стратегии за медиумите) со цел превенција на етничкиот конфликт и обезбедување компактност на заедницата во мултиетничките општества. Постојат многу примери каде што ваквиот конфликт се проширил или се разгорел првенствено затоа што одговорните не ги забележале првите знаци навреме, не биле доволно спремни да дејствуваат, или не дејствувале на ефикасен и кординиран начин. Државите треба да обезбедат промовирање на координирана акција од страна на релевантните органи на власта како на национално така и на локално ниво, и ова треба да биде дел од пошироката стратегија за промовирање на интеграцијата на малцинствата на сите нивоа. За оваа цел треба да се воспостават формални структури и партнерства. Улогата на полицијата треба да биде призната како интегрален дел на процесот на јакнење на кохезијата на заедницата во мултиетничките општества и затоа полицијата треба да биде активен партнер во тој процес заедно со другите јавни органи на власта и со претставниците на групите на националните и етничките малцинства.